ДРЖАВЕН ЗАВОД ЗА РЕВИЗИЈА
ENTI SHTETËROR I REVIZIONIT
STATE AUDIT OFFICE

# КОНЕЧЕН ИЗВЕШТАЈ
# ЗА ИЗВРШЕНА РЕВИЗИЈА НА УСПЕШНОСТ НА ТЕМА “ЕФИКАСНОСТ НА МЕРКИТЕ, ПОЛИТИКИТЕ И ПРОЕКТИТЕ ЗА ИСПОЛНУВАЊЕ НА УСЛОВИТЕ ВО КОИ ФУНКЦИОНИРААТ ДРЖАВНИТЕ СТУДЕНТСКИТЕ ДОМОВИ ВО РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА И РАЗВОЈ НА СТУДЕНТСКИОТ СТАНДАРД”

02 2023 00 09

11 ОДРЖЛИВИ ГРАДОВИ И ЗАЕДНИЦИ

4 КВАЛИТЕТНО ОБРАЗОВАНИЕ

Скопје, март 2024 година

СОДРЖИНА

КРАТЕНКИ.....4

ПОИМНИК НА ТЕРМИНИ.....5

Резиме .....6

1. ВОВЕД.....10

1.1. Основ и причини за извршување на ревизијата.....10

1.2. Предмет на ревизија .....10

1.3. Законска регулатива.....11

1.4. Институционална рамка за ревизијата.....12

1.5. Финансирање на дејноста студентски стандард .....13

2. ЦЕЛИ, ОПФАТ И МЕТОДОЛОГИЈА НА РЕВИЗИЈАТА .....14

2.1. Цели на ревизијата.....14

2.2. Ревизорски прашања.....14

2.3. Опфат на ревизија .....15

2.4. Критериуми за ревизија.....15

2.5. Методологија на ревизија .....16

3. РЕВИЗОРСКИ НАОДИ .....17

3.1. Правна рамка за остварување на дејноста студентски стандард.....17

3.1.1. Законска регулатива од областа студентски стандард .....17

3.1.2. Стратешко планирање и Програми на Владата.....21

3.2. Студентско стипендирање.....23

3.2.1. Конкурс и евалуација за доделување стипендии.....23

3.2.2. Стипендирани студенти и висината на извршени исплати за 2019 -2022 година 24

3.2.3. Групи на стипендии.....26

3.2.4. Стипендии за студенти кои студираат на еден од првите 100 универзитети во странство.....33

**3.3. Сместување, функционирање, финансирање и инвестиции во студентски домови..... .....35**

3.3.1. Сместување во студентските домови.....35

3.3.1.1. Правила и критериуми за прием на студенти во ДСД.....36

3.3.1.2. Конкурс за прием на студенти запишани на додипломски студии во државните и приватните студентски домови во Република Северна Македонија.....38

3.3.2. Сместувачки капацитети и услови за сместување во ДСД.....40

3.3.2.1. Сместувачки капацитети .....40

3.3.2.2. Состојби за сместување и престој во ДСД .....43

3.3.2.3. Задоволството на студентите од условите во студентските домови.....45

3.3.2.4. Кадровска екипираност.....47

3.3.3. Исхрана на студентите сместени во студентските домови.....49

3.3.3.1. Анализа на количини на основни продукти за исхрана на студентите.....50

3.3.3.2. Анализа на цените на поедини прехранбени артикли .....51

3.3.4. Финансирање на државните студентски домови ............ 53
3.3.4.1. Учество на МОН во финансирањето на студентските домови ............ 54
3.3.4.2. Дополнително финансирање на студентските домови од страна на МОН ............ 55
3.3.4.3. Анализа на финансиските извештаи на ДСД за периодот 2019-2022 година ............ 57
3.3.4.4. Структура на расходите по ДСД ............ 58
3.3.5. Процена на економска цена за сместување и исхрана на студентите во ДСД ............ 60
3.3.5.1. Цена за сместување и исхрана на студентите во ДСД ............ 60
3.3.5.2. Анализа и процена на економската цена за сместување и исхрана ............ 60
3.3.5.3. Сценарија за проценка на економската цена ............ 62
3.3.6. Преземени активности за зголемување на капацитетите и подобрување на условите за сместување во студентските домови ............ 64
3.3.7. Зголемување на сместувачките капацитети преку изградба на нови студентски домови ............ 65
3.3.8. Санација, реконструкција и опремување на ДСД ............ 67
3.3.9. Проект за енергетски ефикасна рехабилитација на Студентските домови ............ 69
4. ЗАКЛУЧОК ............ 70
5. ПРЕПОРАКИ ............ 72

ПРИЛОЗИ

Прилог број 1 - Критериуми и индикатори за оценка ............ 75
Прилог број 2 - Видови на стипендии за студенти согласно Програмата за остварување и развој на дејноста во студентскиот стандард ............ 88
Прилог број 3 - Број на сместени студенти за 2022 година ............ 87
Прилог број 4 - Табела1: Број на обезбедени легла по ДСД 2019-2022 година и Табела2: Капацитет на ДСД и број на примени апликации за сместување 2022/23 година ............ 88
Прилог број 5 - Фотодокументација ............ 89
Прилог број 6 - Резултати од онлајн анкетата за функционирањето и условите во студентските домови ............ 97
Прилог број 7 - Старосна структура на вработените во ДСД ............ 100
Прилог број 8 - Учество на трансферирани средства за сместување и исхрана до студентски домови во однос на вкупно реализирани средства за 2019/23 согласно Програмата за остварување и развој на дејноста студентскиот стандард ............ 101
Прилог број 9 - Анализа на трендот на движењето на значајните расходи на ДСД.... 102
Прилог број 10 – Забелешки по Нацрт извештај од ДСД Никола Карев
Прилог број 11 – Одговор на забелешки на Нацрт извештај

КРАТЕНКИ

| | |
|---|---|
| АХВ | Агенција за храна и ветеринарство |
| Влада | Влада на Република Северна Македонија |
| ДЗР | Државниот завод за ревизија |
| ДЗС | Државен завод за статистика |
| ДПИ | Државен просветен инспекторат |
| ДСД | Државен студентски дом |
| ЗСС | Закон за студентски стандард |
| МОН | Министерство за образование и наука |
| НБРСМ | Народна банка на Република Северна Македонија |
| Програма | Програма за остварување и развој на дејноста студентски стандард |
| Собрание | Собрание на Република Северна Македонија |
| УКИМ | Универзитет Св. Кирил и Методиј - Скопје |

ПОИМНИК НА ТЕРМИНИ

| | |
|---|---|
| Студентски стандард | Под студентски стандард се подразбира обезбедување на сместување, исхрана, школарина, стипендии, како и задоволување на работните, културните, информативните, спортско-рекреативните и други заеднички потреби на студентите. |
| Партиципација | Износ за сместување и исхрана на студенти во ДСД во висина од 50% од утврдената цена, кои ги плаќа МОН |
| Стипендирање | Исплаќање на износ во определена висина наменет за стимулирање и негување на надарени студенти од различни области на науката, техниката, културата, уметноста и спортот |
| Субвенциониран студентски оброк | Финансиска поддршка во износ од 140 денари што студентот ја добива од МОН за купување приготвена храна. |
| Корисници на субвенциониран студентски оброк | Редовни студенти на додипломските студии на државните и приватните универзитети, државјани на Република Северна Македонија. |
| Хуманистички науки | Историски науки; Археологија; Библиотекарство и документација; Наука за јазикот (Лингвистика); Филозофија; Историја на уметноста; Ликовна уметност; Драмски уметности; Музички уметности; Етнологија и етногенеза; Теологија; Наука за книжевноста. |
| Општествени науки | Антропологија; Демографија; Економски науки; Кинезиологија; Образование; Организациони науки и управување (менаџмент); Политички науки; Правни науки; Јавна управа и администрација; Психологија; Социологија; Социјална работа и социјална политика; Статистика; Туризам и угостителство; Одбрана; Безбедност. |
| Управен акт | Поединечен акт на јавен орган кој е донесен врз основа на закон со кој се решава за правата, обврските и правните интереси на странките. Управните акти можат да бидат насловени како решение, одлука, наредба, лиценца, дозвола, забрана, одобрение или други |
| N | Број на студенти кои одговориле на испратената анкета |
| m | Просечна оцена пресметана со добиените одговори од сите студенти кои учествувале во анкетата. |
| COICOP | Класификацијата на индивидуалната потрошувачка по намена, скратено COICOP, ги класифицира и анализира индивидуалните потрошувачки расходи направени од домаќинствата, според нивната намена. Вклучува категории како што се облека и обувки, домување, вода, електрична енергија и гас и други горива. |

ДРЖАВЕН ЗАВОД ЗА РЕВИЗИЈА
ENTI SHTETËROR I REVIZIONIT
STATE AUDIT OFFICE

Број: 23-82/10
Дата: 14.03.2024

# КОНЕЧЕН ИЗВЕШТАЈ НА ОВЛАСТЕНИОТ ДРЖАВЕН РЕВИЗОР

## Резиме


Извршивме ревизија на успешност на тема “**Ефикасност на мерките, политиките и проектите за исполнување на условите во кои функционираат државните студентски домови во Република Северна Македонија и развој на студентскиот стандард**“ за да одговориме на прашањето „Дали надлежните институции во Република Северна Македонија преземаат мерки и активности за континуирано подобрување на студентскиот стандард од аспект на сместувањето во студентските домови како и поддршката на талентирани студенти?”

Ревизијата на успешност е извршена согласно Годишната програма за работа на Државниот завод за ревизија за 2023 година.

Со ревизијата на успешност го опфативме периодот од 2019 година заклучно со 2022 година, иако одредени области, прашања и настани се опфатени последователно до денот на известување за извршената ревизија.

За да одговориме на основното ревизорско прашање ги определивме следните специфични прашања:

- Дали постојната законска и подзаконска рамка како и институционалната поставеност обезбедуваат доволна подготвеност за остварување на соодветно високо ниво на студентски стандард?
- Дали утврдените групи, број и висина на стипендиите обезбедува квалитетна поддршка на талентираните студенти и дали е воспоставен систем за оценување на ефектот од исплатите за специфичните групи на стипендии?
- Дали во студентските домови е обезбедено квалитетно сместување на студентите и дали е обезбедена финансиска самоодржливост на домовите?

Со спроведената ревизија и применетата ревизорска методологија, прибраните ревизорски докази, стекнавме разумно уверување дека:

Мерките и активностите за развој на студентскиот стандард кои се преземаат од страна на надлежните државни органи не се доволно ефикасни и економични за остварување на одржливо ниво на финансиска самостојност на студентските домови, соодветно сместување и исхрана како и реализирање на проектите за реконструкција и проширувањето на капацитетите на ДСД, Во делот на

стипендирањето на студентите воспоставени се неколку мерки кои се соодветни но истите не се усогласени со интересот за студирање по студиски програми, а поради аплицирање кај повеќе од една група на стипендии, обемната документација и недоследностите при утврдување на исполнетоста на условите дел од стипендиите не се доделени, но е воспоставен начин на стипендирање за студирање во странство со кој не се обезбедува ефикасна искористеност на исплатените средства и придобивки за државата.

Ревизорските активности беа насочени кон три области при што се утврдени следните состојби:

**Правна рамка за остварување на дејноста студентски стандард**
Законските и подзаконските акти од областа даваат добра основа за развој на студентскиот стандард и без примена на дел од подзаконските акти и законите кои не се усогласени. Верификација која треба да ја направи МОН пред започнувањето со работа на студентските домови согласно ЗСС не е извршена за сите ДСД и не е воспоставен Регистер на студентски домови што има влијание врз спроведувањето на постапките за сместување на студентите и на реалноста на прикажаниот капацитет на студентските домови, но и без изготвен Стратешки документ за студентскиот стандард во кој подетално ќе се наведат мерките и активностите за развојот и подобрувањето на условите за живот и студирање во земјата. Инспекциски надзор врз почитувањето на одредбите од ЗСС не се врши иако ДПИ има обврска да го врши најмалку еднаш годишно. Воспоставениот начин на субвенционирање на студентскиот оброк од страна на МОН преку исплата на трансакциските сметки на студентите не овозможува да се потврди дека исплатените средства за 2022 година во износ од 701.482 илјади денари или 50,2% во вкупните средства за студентскиот стандард се користат исклучиво за намената која е определена со Законот за субвенциониран студентски оброк.

**Студентски стипендии**
МОН има воспоставено неколку мерки за стипендирање на студенти по кои во конкурсот за 2022/23 година се опфатени 3.105 стипендии од кои се одобрени 2.509 за што е исплатен износ од 235.849 илјади денари за вкупно 6.179 стипендии (првпат одобрени/минати години). За мерките за студентско стипендирање ги проценивме како соодветни, но истите не се усогласени со интересот за студирање по студиски програми, а за дел од студиски програми е предвиден износ на стипендија кој е три пати повисок од редовниот износ. Утврден во висина од 6.050 денари за кој постои простор за подобрување преку реструктуирање на останатите расходи од Програмата. Од друга страна некои студиски програми, на кои има голем број на запишани студенти, неоправдано се застапени кај повеќе од една група на стипендии што ја намалува можноста за стипендирање на студентите запишани на студиски програми за кои е евидентен низок интерес за студирање. Евидентирано е намалување на бројот на одобрени стипендии во периодот 2019-2022 година но и зголемување на број на одбиени студенти, кој за 2022/23 година достигнал до 2.942, што укажува на голем интерес на студентите но и слабости во постапката за доделување на стипендиите. За стипендирање на студентите запишани на некој од

првите 100 Универзитети во светот за кои се исплатени средства во износ од 188.361 илјади денари кои имаат учество од 44,4% во вкупните средства за стипендии се уверивме дека не е воспоставен систем за ангажирање на овие лица во земјата по завршувањето на студиите и дека средства се ефикасно искористени.

**Сместување, функционирање, финансирање и инвестиции во студентски домови**

Во врска со состојбите поврзани со сместувањето и исхраната на студентите утврдивме дека со Програмата е утврден повисок број на расположливи места во студентските домови во однос на утврдената бројка во Конкурсот за сместување на студентите во студентски домови. Притоа во период 2019 - 2022 година значително се намалени сместувачките капацитетите кај сите ДСД, односно од 5.815 легла на 4.490 во 2022 година претставува 77,28% пополнетост, а има отстапувања во бројот на сместени студенти во однос предвидени со конкурсот. Исплатата на средства на ДСД не се врши врз основа на ажурирани списоци за сместените студенти и одобрени од страна на одговорните лице во МОН. Објектите кои ги користат ДСД во најголем дел се стари и не ги задоволуваат потребите на современото живеење, а намалените сместувачки капацитети и невоедначените услови кои ги нудат студентските домови се пресудни за степенот на искористеност и интересот на студентите за сместување во одредени ДСД, но и незадоволство на студентите во поглед на исхраната во студентските домови со што се наметнува потребата од преземање активности во насока на подобрување на условите во студентските домови и обезбедување на повисок стандард на живеење и студирање на студентите во државата. Како поткрепа на утврдената состојба, определената цена за сместување како основен извор на приходи на ДСД не е променета од 2008 година и изнесува 6.820 денари месечно за 10 месеци во годината од која МОН партиципира 50% од цената. Разликата ја доплаќа студентот е ниска и истата не обезбедува задоволително ниво на финансиска одржливост на домовите кои се соочуваат со неможност за навремено сервисирање на обврските, што е потврдено со проценката на економската цена за сместување и исхрана по студентите во ДСД која укажува на потреба од значајни подобрувања преку реално определување на износот за партиципацијата за сместување и исхрана на студентите во студентските домови.

Во делот на инвестициите нагласуваме дека Проектот за енергетска ефикасност со кој се планира темелна реконструкција на сите ДСД во земјата е започнат од страна на МОН, меѓутоа постои неизвесност во врска со доволноста на обезбедените средства за целосно реализирање на овој проект согласно планираното. Во врска со проширувањето на капацитетите на ДСД завршена е изградбата на ДСД Тетово, но се уште не е изготвен записник за технички прием поради што укажуваме приемот на студенти да се врши по целосно завршување на постапката за пуштање на овој објект во употреба на начин кој е пропишан во законските прописи од оваа област.

Препораките дадени во овој извештај се однесуваат на активностите кои МОН и ДСД, треба да ги преземат со цел отстранување на ефектите од утврдените неправилности или потенцијални ризици, преку навремени мерки и активности за подобрувањето условите во кои функционираат ДСД во државата, развој на

студентскиот стандард, како и поддршката на талентирани студенти и оваа сфера од општественото живеење да биде подобрена и да ги остварува своите поставени цели.

Од страна на одговорното лице на ДСД „Никола Карев“ – Охрид до Државниот завод за ревизија доставени се забелешка на Нацрт извештајот на овластениот државен ревизор, истите се разгледани и е утврдено дека една забелешка делумно се прифаќа и една забелешка не се прифаќа.

# 1. ВОВЕД

## 1.1. Основ и причини за извршување на ревизијата

Согласно Годишната програма за работа на Државниот завод за ревизија за 2023 година планирана е ревизија на успешност на тема „Ефикасност на мерките, политиките и проектите за исполнување на условите во кои функционираат државните студентски домови во Република Северна Македонија и развој на студентскиот стандард“. Студентскиот стандард опфаќа голем број на активности поврзани со квалитетот на студентското живеење како што се студентското стипендирање, сместување и исхрана на студентите во студентски домови, функционирање на студентските домови кои всушност претставуваат привремен дом за голем број на студенти и напорите кои државата ги вложува за подобрување на условите за сместување и живеење во домовите преку нивна реконструкција и проширување на капацитетите. Состојбите и развојот на студентскиот стандард засегаат голем број на лица како студенти така и нивните семејства, а издатоците во оваа област се со значителна материјална вредност.

## 1.2. Предмет на ревизија

Предмет на ревизијата се проценка на ефектите од преземените мерки, политики и активности од надлежните институции за континуирано подобрување на студентскиот стандард од аспект на квалитетот на сместувањето во студентските домови како и поддршката на талентирани студенти.

Дејноста студентски стандард, основањето, организацијата, функционирањето и управувањето во установите за студентскиот стандард како дел од системот на образованието и стипендирањето на студентите се уредува согласно ЗСС. Мерките, политики и активности кои треба да ги преземаат надлежните институции за остварување на дејноста студентски стандард се однесува на обезбедување на сместување, исхрана, школарина, стипендии, како и задоволување на работните, културните, информативните, спортско - рекреативните и други заеднички потреби на студентите. Стандардот на студентите е од големо значење за студентите кои студираат на некои од универзитетите во Република Северна Македонија, особено имајќи во предвид дека трошоците за студирање се високи и истите се зголемуваат од година во година, под влијание на тековната инфлаторна криза. Вршење на работите од областа на студентскиот стандарди во делот на објавувањето на конкурсите за сместување на студентите во ДСД и стипендирање на студентите, како и обезбедувањето на финансиски средства за стипендирање, студентски оброк и финансирањето на ДСД се во надлежност на МОН, како и остварување на надлежностите ДСД да обезбедува сместување, исхрана, грижа за здравјето, културно – забавни, спортско –рекреативни и други активности согласно законската и подзаконската регулатива од областа.

Темата на ревизијата е поврзана и со остварување на целите за одржлив развој како една од приоритетните цели на Државниот завод за ревизија согласно Стратешкиот план за ревизија за период 2021–2023 година. Имено, ревизијата е поврзана со Цел 4 која се однесува на квалитетно образование и Цел 11. која се однесува на Одржливи градови и заедници.

### 1.3. Законска регулатива

- Закон за високо образование[1];
- Закон за студентскиот стандард[2];
- Закон за установите[3];
- Закон за просветната инспекција[4] ;
- Закон за субвенциониран студентски оброк[5];
- Закон за задолжување на Република Северна Македонија со заем кај кредитната банка за обнова – КФВ по договорот за заем за финансирање на проектот за енергетски ефикасна рехабилитација на студентските домови во Република Северна Македонија[6];
- Стратегијата за образованието во Република Северна Македонија за 2018 - 2025 година;
- Програма за работа на Владата 2017 – 2020 година;
- Програма за работа на Владата 2022 – 2024 година;
- Правилник за видот и начинот на доделување на студентските стипендии на студенти кои студираат во Република Северна Македонија[7];
- Правилник за видот и начинот на доделување на студентските стипендии на студенти кои студираат во странство[8];
- Правилник за начинот на доделување на студентските стипендии за странски државјани кои се од интерес за Република Македонија[9];
- Правилник за начинот на прием на студентите во ДСД[10];
- Правилник за начинот на верификацијата на студентскиот дом, како и формата, содржината и начинот на водење на регистарот на студентските домови основани на територија на Република Македонија[11]);
- Правилник за формата, содржината и начинот на водењето на документацијата и евиденцијата во студентските домови[12];
- Правилник за нормативите и стандардите за опрема, простор и кадар во студентските домови[13];
- Правилник за стандардите за исхрана и оброци на студентите сместени во студентските домови;
- Правилник за формата и содржината на пријавата за исполнетост на критериумите за даватели на субвенциониран студентски оброк[14];

---

[1] Консолидиран текст „Службен весник на РМ“ бр. 82/2018 и „Службен весник на РСМ“ бр.154/19 и 178/21
[2] „Службен весник на РМ“ бр.15/13.......20/19 и „Службен весник на РСМ“ бр.124/19........302/20
[3] „Службен весник на РМ" бр. 32/2005; 120/2005; 51/2011 и „Службен весник на РСМ“ бр. 99/2022
[4] „Службен весник на РМ“ бр. 52/2005; 81/2008.........64/2018;
[5] Службен весник на РСМ“ бр.31/20, 150/21, 251/22 и 91/23
[6] Службен весник на РСМ“ бр. 261/19
[7] „Службен весник на РСМ“ бр.168/19, 258/20 и 160/21
[8] „Службен весник на РСМ“ бр.220/16, 48/21 и 93/23
[9] Службен весник на РМ“ бр.169/13 и 9/17
[10] „Службен весник на РМ“ бр.89/13, 98/13 и 130/16
[11] „Службен весник на РМ“ бр.110/13
[12] „Службен весник на РМ“ бр.52/14)
[13] „Службен весник на РМ“ бр.52/14 и „Службен весник на РСМ“ бр.284/21
[14] „Службен весник на РСМ “ бр.299/20

- Правилник за образецот на барањето за сместување во Студентски дом и образецот на барањето за добивање стипендија[15];
- Правилник за формата и содржината на изјавата за точност на внесените податоци и за формата, содржината и образецот на пријавата за стекнување со правото на субвенциониран студентски оброк[16].

## 1.4. Институционална рамка за ревизијата

Главните активности на државата во спроведувањето на мерките и политиките поврзани со студентскиот стандард се спроведуваат од :

- Министерството за образование и наука и
- Државните студентски домови.

**Министерството за образование и наука е** орган на државна управа надлежен за вршење на работите од областа на студентскиот стандарди во делот на објавувањето на конкурсите за сместување на студентите во ДСД, стипендирање на студентите и изготувување на ранг листите на избраните студенти по објавените конкурси. Обезбедувањето на финансиски средства за стипендирање, студентски оброк како и финансирањето на ДСД е обврска на МОН. Нормативите и стандардите за опрема, простор и кадар ги пропишува министерот за образование и наука, како и поблиските прописи за исхрана на студентите во студентските домови. Министерот врши именување и на директори на студентските домови врз основа на предлог на Управниот одбор. МОН може да додели дополнителни средства на ДСД за трошоци за тековно работење односно за режиски трошоци, греење, електрична енергија, потрошена вода и слично, доколку настанат непредвидливи ситуации кои ги зголемиле трошоците, а не можеле да се предвидат и планираат во нивните буџети, по поднесено писмено барање со образложение од ДСД и согласност од основачот.
МОН врз основа на Програмата за остварување и развој на дејноста во студентскиот стандард донесена од страна на владата на Репувлика Македонија усвојува Годишна програма за студентски стандард.

**Државен студентски дом** е установа која на студентите им обезбедува сместување, исхрана, грижа за здравјето, културно – забавни, спортско –рекреативни и други активности. За студентите може да се организира сместување и во приватен студентски дом. Доколку во студентскиот дом останат слободни места може да се пополнат со редовни ученици од средните училишта согласно со Законот за ученички стандард. Државен студентски дом основа Владата на Република Северна Македонија, по претходно извршена верификација на студентскиот дом врз основа на воспоставени критериуми и упис во регистерот на студентски домови што е обврска на МОН.

Во следната табела ги прикажуваме сите ДСД кои функционираат во земјата во текот на 2022/2023 година со податок за нивниот капацитет и исполнетост:

[15] „Службен весник на РМ“ бр.161/16 и 220/16 и „Службен весник на РСМ“ бр.157/19 и 178/21
[16] „Службен весник на РСМ“ бр.299/20 и 164/21

Табела 1: Капацитет и исполнетост на ДСД во текот на 2022/2023 година

| ДСД | Локација | Капацитет | Исполнетост |
|---|---|---|---|
| ДСЦ „Скопје“ | Скопје | / | / |
| *СД „Гоце Делчев“ | Скопје | 1.186 | 1.163 |
| Стив Наумов 1 и 2 зграда | Скопје | / | / |
| Стив Наумов 3 зграда | Скопје | 601 | 454 |
| Стив Наумов нови бараки | Скопје | 138 | 138 |
| Кузман Јосифовски Питу | Скопје | 490 | / |
| ДСД „Кочо Рацин“ | Битола | 385 | 284 |
| ДСД „Никола Карев“ | Охрид | 242 | 118 |
| ДСД „Н. Х. Орде Чопела“ | Прилеп | 335 | 19 |
| ДСД „Томе Стефановски Сениќ“ | Скопје | 370 | 229 |
| ДСД „Пелагонија“ | Скопје | 997 | 997 |
| ДСД „Браќа Миладиновци“ | Штип | 236 | 68 |
| ВКУПНО | | **4.980** | **3.470** |

## 1.5. Финансирање на дејноста студентски стандард

Средствата за финансирање, реализацијата и развој на дејноста студентски стандард се предвидени во Буџетот на Република Северна Македонија преку разделот на МОН и тоа:

Табела 2: Буџет на програма Студентски стандард (2019-2022)

во 000 денари

| Раздел 16001 - МОН | 2019 | 2020 | 2021 | 2022 |
|---|---|---|---|---|
| Потпрограма 60 - Студентски стандард | 819.800 | 842.520 | 838.026 | 1.230.890 |
| Потпрограма ТК - Изградба и реконструкција на студентски домови | 144.294 | 24.500 | 116.200 | 25.000 |
| Потпрограма 11 – Декада на Ромите | 10.687 | 8.585 | 10.050 | 16.508 |
| Потпрограма ТЛ – Енергетски ефикасна рехабилитација на студентските домови | _ | _ | 60.901 | 118.995 |
| Вкупно | 974.781 | 875.605 | 1.025.177 | 1.391.393 |

**Студентски стандард - Потпрограмата 60 – Студентски стандард** има основна цел да финансира активности за подобрување на квалитетот на услугите за сместување и исхрана во **студентските домови**, расходи за исплата на **студентски стипендии**, како и расходи за исплата на **студентски оброк.**

**Програмата ТК - Инвестиции во образование - Изградба и реконструкција на студентски домови**, има за цел подобрување на условите за сместувањето на студентите во домовите и обезбедување на поголема достапност на високото образование до сите граѓани во Република Северна Македонија, преку која се реализираат основните и клучни капитални инвестиции во однос на градба, реконструкција на ДСД. Овие средства се реализираат преку МОН кој ги спроведува набавките, контролата, изведбата, следење на реализација на договорите и исплата до добавувачите/изведувачите, преку одделението за капитални инвестиции. Во рамките на МОН формирана е и посебна проектна единица која има задача да го

реализира земениот кредит преку КФВ Банка од Германија за енергетска ефикасност на објектите на ДСД.

Преку **потпрограма 11 – Декада на Ромите** обезбедени се средства од буџетот со кои делумно се врши и поддршка и еманципирање на Ромите во високото образование, односно стипендирање на студентите Роми.

Преку **потпрограма ТЛ – Енергетски ефикасна рехабилитација на студентските домови** буџетирани се средства за планирана реконструкција и обезбедување на енергетска ефикасност на објектите на ДСД во Република Северна Македонија.

Расходите поврзани со студентскиот стандард за 2022 година се презентирани на следниот:

Графикон 1: Структура на расходи - студентски стандард за 2022 година

во 000 денари




## 2. ЦЕЛИ, ОПФАТ И МЕТОДОЛОГИЈА НА РЕВИЗИЈАТА

### 2.1. Цели на ревизијата

Целта на ревизијата на успешност е:

- дали преземените мерки и активности од страна на надлежните институции како и висината на расположливите финансиски средства се доволни за континуирано подобрување на студентскиот стандард од аспект на сместувањето во студентските домови како и поддршката на талентирани студенти;
- дали се постигнати ефикасноста и економичноста на потрошените средства од страна на носителите на овој процес и
- да се дадат препораки за подобрување на студентскиот стандард.

### 2.2. Ревизорски прашања

Ревизијата на успешност треба да даде одговор на следното ревизорско прашање „Дали надлежните институции во Република Северна Македонија преземаат мерки

и активности за континуирано подобрување на студентскиот стандард од аспект на сместувањето во студентските домови како и поддршката на талентирани студенти?”

Специфичните прашања по утврдени области се:

- Дали постојната законска и подзаконска рамка како и институционалната поставеност обезбедуваат доволна подготвеност за остварување на соодветно високо ниво на студентски стандард?
- Дали утврдените групи, број и висина на стипендиите обезбедува квалитетна поддршка на талентираните студенти и дали е воспоставен систем за оценување на ефектот од исплатите за специфичните групи на стипендии?
- Дали во студентските домови е обезбедено квалитетно сместување на студентите и дали е обезбедена финансиска самоодржливост на домовите?

## 2.3. Опфат на ревизија

Со ревизијата на успешност го опфатиме периодот од 2019 до 2022 година, а дадени се и состојби кои се случиле и претходно и последователно.

Со ревизијата беа опфатени следниве субјекти:

- Министерството за образование и наука;
- Државен студентски дом, Скопје;
- Државен студентски дом Пелагонија, Скопје;
- Државен студентски дом Томе Стефановиќ Сениќ, Скопје;
- Државен студентски дом Никола Карев - Охрид;
- Државен студентски дом Кочо Рацин - Битола;

Изборот на петте Државни студентски домови кои ќе бидат опфатени со ревизијата е извршен според критериумите:

- износ на реализирани средства од ДСД;
- капацитет на државниот студентски дом;
- број на студенти станари во државниот студентски дом.

Согласно утврдените ризици по добиените прелиминарни информации, а врз основа на избран примерок, извршивме увид на лице место во ДСД Скопје, ДСД Пелагонија и ДСД Кочо Рацин – Битола, додека ДСД Томе Стефановиќ Сениќ и ДСД Никола Карев - Охрид ги опфативме со прашалници, интервјуа со одговорните лица и увид во бараната документација.

## 2.4. Критериуми за ревизија

За оценка на ефикасноста на мерките, политиките и проектите за исполнување на условите во кои функционираат државните студентските домови во Република Северна Македонија и развој на студентскиот стандард во оваа ревизија се искористени критериуми и показатели прикажани во Прилог број 1 кон ревизорскиот извештај.

## 2.5. Методологија на ревизија

2.5.1. Ревизијата на успешност е извршена во согласност со Ревизорските стандарди на Врховните ревизорски институции (ISSAI) и Кодексот на етика на Државниот завод за ревизија.

2.5.2. За постигнување на целта на ревизијата, при извршување на ревизијата, применивме пристап ориентиран кон системите и пристап ориентиран кон проблемите и кон резултатите, поединечно или во комбинација, во зависност од спецификата на соодветниот критериум.

2.5.3. Со цел добивање на релевантни и доволни ревизорски докази кои водат кон ревизорските наоди, заклучоци и препораки ги користевме следниве техники на ревизија на успешност: увид во поткрепувачката документација, интервјуа и разговори, подготвени прашалници доставени до надлежните институции, анализи податоци и информации како и пресметки, анкета на студентите сместени во студентски домови, физичко набљудување, увид на лице место со фотографирање, интернет истражување и други постапки кои имаат за цел да ги откријат причините за евентуалните разлики меѓу поставените критериуми и реалната состојба, за да дадеме објективен одговор на поставената ревизорска цел.

2.5.4. Согласно законската регулатива и Меѓународните стандарди за ревизија, за потребите на ревизијата беа ангажирани двајца надворешни стручни лица експерти од областа на студентскиот стандард и економски анализи.

2.5.5. Ревизијата на успешност од точка 1.1. погоре е планирана и извршена во периодот од 16.03.2023 до 13.12.2023 година, од тим на Државниот завод за ревизија.

2.5.6. Резултатите од спроведената ревизија на успешност беа презентирани на завршен состанок на ден 13.12.2023 година пред одговорните лица и надлежните органи на субјектите предмет на ревизија.

Од страна на одговорното лице на ДСД „Никола Карев“ – Охрид до Државниот завод за ревизија доставени се забелешка на Нацрт извештајот на овластениот државен ревизор. Забелешките се однесуваат на точките 3.3.2.4 и на дадената препорака поврзана со оваа точка и на точка 3.3.2.5. Истите се разгледани и е утврдено дека делумно се прифаќа забелешката во делот на дадената препорака број 24 за платите на вработените во Државните студентски домови и истата е соодветно прилагодена во Конечниот извештај. Забелешката на точката 3.3.2.5 не се прифаќа поради тоа што наведеното во забелешката не претставуваше тема на извршената ревизија на успешност.

Забелешките и содржината на одговорот на забелешките се прилог на Конечниот извештај.

# 3. РЕВИЗОРСКИ НАОДИ

## 3.1. Правна рамка за остварување на дејноста студентски стандард

### 3.1.1. Законска регулатива од областа студентски стандард

#### 3.1.1.1. Закон за студентскиот стандард

Дејноста студентски стандард, основањето, организацијата, функционирањето и управувањето во установите за студентскиот стандард како дел од системот на образованието и стипендирањето на студентите се уредува согласно ЗСС. Студентскиот стандард[17] опфаќа обезбедување на сместување, исхрана, школарина, стипендии, како и задоволување на работните, културните, информативните, спортско-рекреативните и други заеднички потреби на студентите. Одлука за основање на ДСД донесува Владата по претходно мислење од МОН за исполнетост на условите кои се однесуваат на: доволен број на студенти, обезбедување на средства потребни за основање и работа, обезбедување на опрема простор и кадар и други услови предвидени со Правилникот за нормативите и стандардите за опрема простор и кадар.

Врз основа на извршената анализа на законот утврдивме:

- МОН има обврска да носи решение за верификација за работа на Студентскиот дом и води Регистар на студентските домови основани на територијата на Република Северна Македонија[18]. Во текот на 2013 година МОН донело Правилник[19] со кој се уредени податоците кои се содржани во регистарот и начинот на кој се врши запишување на студентските домови и евентуалните промени за истите. МОН нема воспоставено Регистар на студентски домови, односно до денот на ревизијата МОН нема извршено верификација на студентските домови, што создава ризик од реализација на активностите поврзани со сместување на студентите во студентските домови врз основа на информации кои се нецелосни и не верификувани од надлежен државен орган;
- ДСД влегуваат во групата на јавни установи за кои освен одредбите од ЗСС важат и одредбите од Законот за установите. Притоа утврдивме неусогласеност меѓу овие два закони во делот студентски стандард. Основачот има обврска заради заштита на јавниот интерес да донесе Стратегија за остварување и развој на дејноста на установата која ќе се оствари преку двогодишна програми за развој на дејноста[20]. Со програмите треба да се утврдат: целите, правците на развој, изворот и обемот на средствата потребни за работа и развој на дејноста на установите, насоките во кои ќе се развива мрежата на установите, проекцијата на потребните профили, бројот на стручниот кадар, просторот и опремата и другите потреби за развој на дејноста, како и средствата потребни за поддржување на дејноста на приватните установи, кога нивната дејност е во интерес на остварувањето на јавниот интерес. За разлика од оваа, во ЗСС[21],

[17] член 9 од ЗСС
[18] член 19 од ЗСС
[19] Правилник за студентскиот дом, како и формата, содржината и начинот на водење на регистарот на студентските домови основани на територијата на Република Македонија.
[20] член 64 и 65 од Законот за установите
[21] Член 8 од ЗСС

предвидена е обврска основачот, во согласност со развојните документи да носи Програма за остварување и развој на дејноста студентски стандард. Стратегијата која е предвидена согласно Законот за установи основачот ја нема донесено, а програмите предвидени со двата закони се однесуваат за различен временски период, а разлики постојат и во делот на содржината на овие документи каде со Програмата со ЗСС не е во целост разграничено финансирање на студентските домови.

- Согласно ЗСС предвидено е донесување на подзаконски акти кои треба да овозможат непречено спроведување на законот, а со тоа и остварување и унапредување на дејноста студентски стандард. Со извршениот увид во содржината на подзаконските акти кои се однесуваат на начинот на верификација на ДСД, нормативите и стандардите, приемот на студентите, студентскиот оброк и сместување во ДСД (точка 1.3 од овој извештај) и нивната практична примена ревизијата утврди дека иако подзаконските акти се донесени од страна на МОН, одредбите од истите делумно или воопшто не се применуваат во работата на МОН и ДСД поради што не е обезбедена додадена вредност во развојот и унапредувањето на студентскиот стандард.
- Бројот на групите на стипендии не е наведен во законските и подзаконските акти кои ја уредуваат оваа област, меѓутоа во Годишна програма за студентски стандард опфатени се 4 групи на стипендии за студенти и со истата се утврдени износи за секоја група како и основот за намената на истата. Освен овие 4 групи, кои содржат неколку подгрупи, со Програмата се предвидени уште 11 други групи на стипендисти кои не се наведени во ЗСС, ниту пак во Правилникот за видот на студентските стипендии и начинот на доделување на истите.

#### 3.1.1.2. Закон за установите

Ревизијата нагласува дека финансиските средства за работа на установата треба да се формираат според цените на услугите, обемот на извршената дејност, мерилата, критериумите, нормативите и стандардите според кои се финансира дејноста на установата, спроведувањето на посебни програми, набавката на опремата и другите средства за вршење на дејноста, бројот на потребните вработени, како и други прашања кои се од значење за вршење на дејноста на установата[22]. Истото треба да биде уредено и со договор склучен помеѓу основачот и директорот на установата, врз основа на претходна согласност од органот на управување на установата. Утврдивме дека во практиката не се постапуваа согласно ова законска одредба и ДСД не потпишуваат договор со основачот со кој ќе се утврдат финансиските средства за работа на истата. Од друга страна, со ЗСС како lex specialis кој го уредува меѓу другото и работењето на студентските домови склучување на вакви договори не е предвидено како извор на финансирање на ДСД.

#### 3.1.1.3. Закон за високо образование

Националниот совет за високо образование и научно-истражувачка дејност има за цел обезбедување, оценување, развој и унапредување на квалитетот во високото

[22] член 71 од Закон за установите

образование и научно-истражувачката дејност[23] кој согласно законот[24] има обврска да подготви Уредба за мерила и критериуми за стимулирање на талентирани студенти и за стипендирање на студенти кои постигнуваат натпросечни резултати во студиите, која до денот на ревизијата не е донесена што не овозможува потврдување на критериумите при изборот и квалитетот на стипендирање во високото образование.

#### 3.1.1.4. Закон за просветната инспекција

ДПИ има надлежности за надзор и увид во извршувањето на законите, другите прописи и општи акти во студентските домови и отстранување на констатираните недостатоци и да предлага поведување на дисциплински постапки[25]. ДПИ има обврска да врши инспекција најмалку еднаш годишно и тоа во рок од 30 дена од денот на завршувањето на сместувањето на студентите во студентските домови и да достави извештај до МОН и до Владата во рок од 60 дена[26].

Со ревизијата утврдивме дека ДПИ последен пат извршил инспекциски надзор во 2019 година во поголемиот број на студентски домови за што има издадени извештаи. За останатиот три годишен период од 2020-2022 година ДПИ нема извршено контроли/надзор и составено записници за извршени инспекциски надзори.

Отсуството на редовни и вонредни контроли во процесот на прием, евидентирање и сместување на студентите како и отсуство на контроли за потврда на вистинитоста на податоците внесени во документацијата и евиденцијата која студентските домови ја водат за сместените студенти за секоја студиска година овозможува недостатоците во истите да останат сокриени и некоригирани во насока на непречено остварување на целта за која студентските домови се основани и функционираат.

#### 3.1.1.5. Закон за субвенциониран студентски оброк

Со цел подобрување на студентскиот стандард на студентите во февруари 2020 година е усвоен Законот за субвенциониран студентски оброк[27] со кој на определена група на студенти кои ги исполнуваат законските услови, од страна на МОН им се одобрува **исплата на 120 денари** на ден на име **студентски оброк**. Корисници на мерката субвенциониран студентски оброк се редовни студенти на додипломски студии на државните и приватните универзитети, државјани на Република Северна Македонија, кои: не се во редовен работен однос; не се регистрирани како индивидуални земјоделци и немаат месечен приход по кој било основ поголем од минималната нето-плата во Републиката за тековната година[28]. Со законот истовремено е регулиран и начинот на пријавување и регистрирање на корисниците на студентскиот оброк.

Согласно податоци добиени од МОН заклучно со декември 2022 година овие услови ги исполнуваат вкупно 28.986 студенти на кои им е исплатен вкупен износ од 701.482

[23] член 41 став 1 од Законот за високото образование (ЗВС)
[24] член 43 став точка 6 од ЗВС
[25] член 2 и член 28 од Закон за просветната инспекција
[26] Согласно на член 53 од ЗСС
[27] Сл. Весник на РСМ 31/2020
[28] член 53 од ЗСС

илјади денари кои учествуваат со 50,2% во вкупните расходи предвидени со Програмата која за 2022 од 1.397.455 илјади денари.

МОН има обврска да објави конкурс и да склучи договор за избор на даватели на субвенциониран студентски оброк кои исполнуваат определени критериуми кои се пропишани со законот[29]. Исто така, МОН има обврска и да овозможи плаќање на студентскиот оброк преку дигитална картичка која треба да им се издаде на студентите или преку апликација на мобилен телефон. Со извршениот увид, утврдивме дека од страна на МОН не е постапено во врска со овие два члена, односно:

- не се склучени договори со заинтересирани даватели на студентски оброк,
- не се издадени дигитални картички и
- не е изработена апликација за плаќање преку мобилен телефон.

Поради ова заклучно со академската 2022/23 година, исплатата на студентскиот оброк на студентите се вршела со префрлање на средства на трансакциските сметки на студентите. На овој начин средствата кои им се уплаќаат на студентите може да се трошат и за други намени неповрзани со исхраната на студентите, со што министерството не обезбедило наменско и транспарентно користење на средствата од страна на студентите.

Увидувајќи ги овие слабости во однос на намената, висината и начинот на исплата на средствата, во текот на 2023 година усвоени се измени на Законот за субвенциониран студентски оброк со кои висината на средствата од 120 денари на ден на име студентски оброк е зголемена на 140 денари[30]. Дополнително на ова додадена е нова одредба[31] со која е уредена обврската за избор на носител на платниот промет преку кој се плаќа субвенцираниот студентски оброк. Во врска со ова, во текот на 2023 година МОН има спроведено конкурс и извршено избор на носител на платниот промет со што започнаа активностите за примена на законот за академската 2023/24 година. Исто така, избраниот носител на платниот промет има обврска на МОН да му достави регистер на даватели на услуги кои произведуваат, подготвуваат или продаваат храна, а МОН има обврска овој регистар да го објави на својата веб страна[32]. Притоа не е прецизиран начинот на кој овој регистар треба да се изготви и дали истиот треба да ги вклучи сите правни субјекти кои се регистрирани за оваа дејност, имајќи во предвид дека дел од трговците може да не се заинтересирани да учествуваат во оваа активност. Со измените на законот не е предвиден и прецизиран начинот со кој трошењето на средствата ќе биде ограничено единствено на прехранбени артикли или подготвена храна, со цел да се избегне можноста за трошење на средствата за други намени неповрзани со основниот постулат на Законот за субвенционирање на оброк. Како резултат на ова, а со оглед на примената на измените на законот кој се во почетна фаза, постои неизвесност со усвоените измени целосно да се надмине можноста за трошење на средствата за субвенциониран оброк од страна на студентите и за други намени кои

[29] член 4 и 5 од Закон за субвенциониран студентски оброк
[30] Висината на субвенцијата за студентски оброк во Република Словенија за 2023 година изнесува 3,5 евра или околу 210 денари
[31] член 3а од Законот за субвенциониран студентски оброк
[32] член 3а став 6 Закон за субвенциониран студентски оброк

не се предвидени со овој Закон.

Горенаведените состојби на неусогласеност кај дел од релевантната законска регулатива и делумна примена на дел од подзаконските акти од оваа област од страна на МОН, особено во делот на не извршената верификација на сите ДСД и невоспоставен Регистер на студентски домови, може да има влијание врз спроведувањето на постапките за сместување на студентите и реалноста на прикажаниот капацитет на студентските домови, годишниот инспекциски надзор на почитувањето на одредбите на законот од страна на ДПИ, како и во делот на недорече磁ностите во законот за користењето на исплатените средства за субвенциониран студентски оброк кои имаат значајно учествува од 50,2% во вкупните расходи, кое носи ризик во остварување на намената за остварување и развојот на дејноста во студентскиот стандард.

### 3.1.2. Стратешко планирање и Програми на Владата

#### 3.1.2.1. Стратегијата за образованието за 2018-2025 година

Оваа стратегија претставува основа за активностите на институциите во Република Северна Македонија на полето на образованието до 2025 година. Овој документ опфаќа шест главни столба на образовниот систем за предучилишното образование, основното образование, средното образование, високото образование како и учењето и образованието за возрасни и има за цел постепено да ги подобри претходно утврдените состојби, во согласност со утврдените приоритети. Стратегијата и нејзиниот акциски план се изработени со финансиска и техничка поддршка од Европската Унија, преку процес на консултации и учество на експерти од сферата на образованието, наставен кадар, претставници на јавните институции, невладиниот сектор и други заинтересирани страни.

Стратегијата во делот на високото образование се фокусира на неколку приоритетни активности од кои единствено третиот приоритет - Подобрување на достапноста и системот за запишување во високото образование опфаќа активности кои се поврзани со квалитетот на студентскиот стандард во земјата од кои се очекува исполнување на следниве два исходи:

- Подобрена достапност на високото образование за лица со физичка попреченост и
- Подобрување на услови за сместување во студентските домови и изготвување на концепт за одржување на студентските домови.

За реализацијата на овие приоритети изготвен е акциски план со кој се предвидени повеќе активности со рокови на реализација со кои се задолжуваат МОН и за исполнување на наведените исходи неколку други државни институции за адаптирање на објектите да бидат достапни за лицата со физичка попреченост и да се изготви Концепт за одржување на студентските домови со цел подобрување на условите за живот во студентските домови.

Во врска со реализацијата на активностите предвидени со оваа Стратегија МОН секоја година изготвува извештаи со кој презентира информации за активности кои не се утврдени со акцискиот план, а влегуваат во доменот на тековни активности на

МОН, како што се број на доделени стипендии, конкурс за сместување во студентски домови, дигитализација на пријавувањето на студентите за стипендирање и сместување во домови, изготвување и одржување на базата на податоци на студентите кои го завршиле образованието итн. Од наведеното произлегува дека споменатите приоритети во Стратегијата не се со даден детален опис на проекти на кои МОН ќе работи во овој период и индикатори за нивна реализација, меѓутоа се известува за степенот на реализација на проекти поврзани со подобрување на условите за сместување во домовите и достапност до истите за лица со попреченост. Врз основа на оваа Стратегија, МОН има донесено краткорочни стратешки планови кои произлегуваат од оваа Стратегија и тоа Стратешки план од 2020-2022, 2022-24 до 2023-2025 година.

Овие стратешки планови претставуваат детализирана проекција на активности кои се преземаат за реализирање на поставените приоритети во Стратегијата за образование 2018-2025 година и вклучуваат програми за работа за секој утврден столб, а секоја програма има неколку потпрограми и цели за реализација.

Притоа програмата за високо образование има три потпрограми, од кои една потпрограма се однесува за прашањата поврзани со студентскиот стандард. Во оваа потпрограма се известува за спроведените активности од претходната година за: реализација на проектот за енергетско ефикасни студентски домови, изградба на студентскиот дом во Тетово, одлуките и објавите за Конкурсите за стипендии и студентско сместување во студентски домови, начинот и правото на користење на студентски оброк и за сите претстојни активности кои согласно планираното треба да се спроведат во наредниот период со рокови за реализација и задолжени институции.

Со анализа на плановите утврдивме дека нема промена во активностите кои се поставуваат за секоја година, односно во делот на реализирани активности и преземени мерки за постигнување на поставените цели, се дава наративна оценка на реализираното, без да се даде во проценти колкава е реализацијата на конкретната активност. Иако врз основа на овие долгорочни и краткорочни стратешки и плански документи, се изработува Програма, МОН нема воспоставено соодветни анализи и истражувања со кои се поткрепуваат предвидените мерки и потребите во иднина кои би придонеле за подобрување на студентскиот стандард во земјата. Во врска со ова, МОН не врши анализи врз основа на кои е донесена одлука за зголемување на износот на студентски стипендии како и за проширувањето на постоечките и воведувањето на нови категории корисници на стипендии. Од друга страна показателите на успешност наведени во самите програми за работа на МОН немаат поставени мерила изразени во бројки, за истите не е прикажан планиран износ на средства, туку е наведен единствено изворот на финансирање.

#### 3.1.2.2. Програми за работа на Владата

Владата има изработено тригодишна Програма за работа за периодот 2017-2020 година, со која во делот на образованието и унапредувањето на студентскиот стандард, се планира изградба на студентски град во Скопје со нови градежни решенија и изградба на спортски сали, кино сали, фитнес центри, ресторани и сл. Во споменатата Програма, планирано било да се изгради нова студентска зграда во

Автокоманда со повеќе од 700 легла преку јавно-приватно партнерство. За Битола, Штип и Тетово, како градови со седишта на државни факултети, Владата планирала зголемување, реновирање и обнова на сместувачките капацитети во тамошните домови како и изградба на нови објекти. Исто така, со цел да допринесе до подобрување на младинскиот, а со тоа и на студентскиот стандард Владата предвидува воведување на студентска платежна картичка која ќе овозможува попусти во установите за културно-забавен живот и користењето на меѓуградски транспорт. Во делот на стипендирањето планирано е да се развие механизам и за стипендирање од страна на приватни компании, при што покрај државните стипендии студентите ќе имаат можност да обезбедат средства за дополнително стипендирање. Овие планови иако се комплементарни, не се дел од погоре споменатата Стратегија за образование 2018-2025 година, иако хронолошки се изработени пред изготвувањето на истата. Планираните активности за реализацијата на програмата до 2023 година не се спроведени со исклучок на изградбата на нов студентски дом во Тетово.

Во Програмата за работа на Влада за периодот 2022-2024, една од активностите со чие спроведување ќе се допринесе до развој на младинскиот стандард, е воведувањето на платена работа за студентите во студентските домови. Целта на оваа активност е студентите во текот на нивното студирање да можат да заработат за да ги намалат своите трошоци за студирање и живеење. До периодот кога се спроведува ревизијата, оваа активност нема реализација.

Утврдените слабости при подготовка и реализација на стратешките и плански документи и програми за остварување и развој на дејноста во студентскиот стандард имаат влијание предвидените мерки да не се во насока на подобрување на студентскиот стандард во земјата во иднина. Наведеното ја наметнува потреба од преземање на дополнителни активности за подготовка на посебен стратешки документ за студентскиот стандард со целосно дефинирање и прецизирање на стратешките проекти поврзани со развојот на студентскиот стандард и предвидување на соодветни начини за реализација на истите.

## 3.2. Студентско стипендирање

### 3.2.1. Конкурс и евалуација за доделување стипендии

Стипендирањето на студентите е уредено со ЗСС при што во истиот е дефинирано дека МОН **доделува стипендии на студентите со цел откривање, стимулирање и негување на надарени студенти од различни области на науката, техниката, културата, уметноста и спортот**[33]. Доделувањето на студентски стипендии на студенти кои студираат во Република Северна Македонија и во странство се врши врз основа на Конкурсот за доделување на стипендии на редовни студенти[34] кој годишно го објавува МОН[35], со обврска заинтересираните студенти да ја обезбедат бараната документација. Бројот на групите на стипендии не е наведен во законските

[33] член 48 од ЗСС
[34] Конкурс за доделување на стипендии на редовни студенти запишани на додипломски студии од прв циклус на јавните и приватните универзитети и високообразовни установи во Република Северна Македонија
[35] член 49 од ЗСС

и подзаконските акти кои ја уредуваат оваа област и истиот се утврден единствено во конкурсот (врска 3.2.3.).

Спроведувањето на постапката за објавување на конкурсите за стипендирање на студенти и избор на добитници на стипендија во некоја од групите ја врши комисија која е формирана од МОН и има обврска да ја води постапката согласно со критериумите кои се наведени во објавениот конкурс и Правилникот за видот и начинот на доделување на стипендии. Пријавувањето на студентите се одвива по електронски пат при што студентите пријавата заедно со потребната документација ја доставуваат целосно електронски. Комисијата врши контрола на целосноста на доставената документација од страна на кандидатите и по разгледувањето на исполнетоста на условите изработува ранг листи на студенти кои се добитници на стипендија во некоја од групите. Напоменуваме дека со ЗСС[36] од кандидатите, особено за групата 1 стипендии за студенти од социјалните категории, се бара обезбедување на голем број на документи поврзани со материјалната положба на семејството, постигнатиот успех, потврди итн, за чие што обезбедување потребен е долг временски период, што создава ризик кандидатите да не ја обезбедат бараната документација навремено, додека дел од документацијата по службена должност обезбедува МОН. Евалуација и бодување на кандидатите се врши во прирачни табели, иако за оваа намена МОН располагал со софтвер кој повеќе не се користи. Иако од страна на МОН било планирано воведување на нов софтверски пакет за автоматизирање на работата на комисијата во делот на проверка на документацијата, бодувањето и рангирањето на кандидатите кои аплицирале на конкурсот истото не е реализирано.

Како резултат на големиот број на барања и потребата од мануелна проверка на целокупната документација постои ризик кандидатите да не ја обезбедат бараната документација навремено, да настанат грешки при евалуацијата на барањата од страна на кандидатите и утврдување на исполнетоста на условите во објавениот Конкурс за стипендирање, особено за првата група  стипендии за студенти од социјалните категории, што вијае при одлучување во постапката.

### 3.2.2. Стипендирани студенти и висината на извршени исплати за 2019 -2022 година

Врз основа на податоците обезбедени од МОН и ДЗС  ревизијата изврши анализа на бројот на стипендирани студенти кои студираат на високошколски установи во земјата согласно на резултатите од објавените конкурси за стипендирање за периодот од 2019 до 2022 година како и исплатениот износ за истиот период:

Табела 3: Број на студенти кои апликацирале и им се одбрени стипендии по годишен конкурс[37]

| | 2019/2020 | 2020/2021 | 2021/2022 | 2022/2023 |
|---|---|---|---|---|
| Стипендии објавени по конкурс | 3.075 | 3,075 | 3,075 | 3,105 |
| Аплицирани студенти по конкурс | 4.480 | 4.331 | 4.704 | 5.451 |
| Одобрени стипендии | 2.697 | 3.026 | 2.797 | 2.509 |
| Неодобрени стипендии | 1.783 | 1.305 | 1.907 | 2.942 |

[36] член 49 став 4 од ЗСС
[37] Врз основа на податоци обезбедени од МОН

Согласно на прикажаните податоци за периодот од 2019 година до 2022 година евидентирано е намалување на бројот на одобрени стипендии, но трендот на зголемување на број на аплицирани и одбиени студенти е значаен секоја година кој во 2022/23 достигнал до 2.942 одбиени студенти, што произлегува од слабостите во постапката за доделување на стипендиите наведени во точка 3.2.1. од овој извештај. Притоа бројот на доделени стипендии во сите анализирани години е понизок од бројот на стипендии кои се обезбедени согласно на распишаните конкурси кои за анализираниот период варира помеѓу 3.075 и 3.105 стипендии. Од страна на надлежните лица во МОН на ревизијата не и беа презентирани анализи или методологија врз основа на која е определена бројката на стипендии која се објавува во годишниот конкурс за доделување стипендии. Бројот на доделени стипендии по конкурсот се однесува за првпат одобрените стипендии, додека оние студенти на кои во минати години им била одобрена стипендија, имаат можност да ја продолжат стипендијата доколку ги исполниле условите кои се наведени во конкурсот, поради што вкупниот број на стипендирани студенти за 2022/23 година е повисок и изнесува 6.179 стипендисти. Имајќи предвид дека вкупниот број на запишани редовни студенти на сите високошколски установи во земјата за академската 2022/2023 година е 47.761[38] произлегува дека еден од секој 7,7 студенти е корисник на државно стипендирање односно 12,9% од сите редовни студенти биле корисници на стипендија. Забележителен е зголемениот интерес кај студентите за остварување на правото на стипендирање при што овој број од 2019 година до 2022 година е зголемен за 971 студенти односно 21,7%.

Учеството на исплатени стипендии за студентите кои студираат во земјата за 2022 година претставува 16,9% од вкупниот износ на средства кои се исплатени за сите намени согласно Програмата за 2022 година.

Табела 4: Исплатен износ за стипендирани студенти по годишен конкурс[39]

во 000 денари

| | 2019/2020 | 2020/2021 | 2021/2022 | 2022/2023 |
|---|---|---|---|---|
| Исплатени стипендии на студенти кои студираат во земјата | 242.949 | 312.170 | 274.884 | 235.849 |

За наведениот период евидентирано е минимално намалување на висината на исплатениот износ, освен за академските 2020/2021 година што се должи на зголемување на висината на стипендиите во 2020 година од 3.300 денари на 6.050 денари месечно. Со цел да ја споредиме висината на утврдениот износ на стипендии кои на месечно ниво се исплатуваат на студентите во нашата држава извршивме компаративна анализа на висината на стипендии за студенти со земјите од регионот при што резултатите од истата ги прикажуваме во следниот графикон:

[38] Извор: ДЗС, Публикација Запишани студенти на додипломски студии, 2022/2023
[39] Податоци обезбедени од МОН

Графикон 2: Висина на стипендии во земјите од регионот




Утврдивме дека стипендиите се највисоки во Словенија, додека нашата земја со актуелниот износ за стипендирање во висина од 6.050 денари односно 98 ЕВРА се наоѓа на третата позиција во однос на земјите од регионот. Со извршената анализа на законската регулатива, утврдивме дека моделот кој се применува во нашата земја е најблизок до словенечкиот модел каде износот за стипендирање е 150 ЕВРА. Согласно резултатите од извршените анализи имајќи ги во предвид инфлаторните движења и ниското процентуално учество на овој расход во вкупните расходи за студентски стандард постои простор за подобрување преку реструктуирање на останатите расходи од оваа Програма.

### 3.2.3. Групи на стипендии

Како што наведовме во точка 3.2.1, со Годишна програма за студентски стандард се опфатени 4 групи на стипендии за студенти, а бројот на стипендии е утврден единствено во конкурсот. Во Правилникот за видот на студентските стипендии и начинот на доделување на студентски стипендии на студентите кои студираат во Република Северна Македонија е наведен процентот на стипендии кои се доделуваат за секоја од четирите групи на стипендии за студенти и тоа:

- Група 1 - 49% стипендии за студенти од социјалните категории,
- Група 2 - 30% стипендии за студенти кои постигнале особен успех во учењето,
- Група 3 - 20% стипендии за студенти кои се запишани на студиски програми од научните подрачја на природно-математичките, техничко-технолошките, биотехничките и/или медицинските науки и
- Група 4 - 1% стипендии за студенти кои се запишани на студиски програми на високообразовни установи за образование на наставен кадар во предучилишното воспитание, основното и средното образование.

Освен овие четири групи за кои основот за нивна исплата произлегува од ЗСС[40], Програмите за студентски стандард од 2019 до 2022 година содржат дополнителни

[40] од член 48 од ЗСС

11 групи на стипендии кои се јавуваат единствено во Програмата со утврдени износи на стипендија за секоја група како и основот за намената на истата. Од анализата на четирите основни групи и на дел од останатите групи стипендии по објавениот конкурс за академската 2022/23 година го утврдивме следното:

#### 3.2.3.1. Група 1 – Стипендии за студенти кои потекнуваат од семејства од социјалните категории

За оваа група на стипендии утврдени со конкурсот изнесува 1.470 стипендии, а поради големиот интерес на студентите за оваа група на стипендии има вкупно примено 2.187 апликации од кои по извршената евалуација 910 кандидати се одбиени, односно 41,6% од вкупниот број на кандидати што во најголем дел е поради непотполна документација и потешкотии за навремено обезбедување на документација поврзана со материјалната положба на семејството и социјалниот статус. Како резултат на ова МОН за оваа група во 2022 година има одобрено вкупно 1.277 стипендии што е за 193 помалку од бројот на стипендии кои се обезбедени со конкурсот. Имајќи предвид дека станува збор за студенти од социјални категории каде најголемо учество при бодувањето[41] влегува материјалната состојба на семејството на студентот, извршивме анализа на максималниот износ на примања кое едно четиричлено семејство со двајца вработени може да ги има да за студентот ги исполни материјалните услови за обезбедување на стипендија од група 1. Притоа според условите од конкурсот за максимален процент на примања е утврден во висина до 75%, по член од просечно исплатена месечна нето плата во земјата за последните три месеци утврдена од ДЗС кој изнесува 31.841 денар[42], при што според проекцијата за едно четиричлено семејство месечниот износ на примања достигнува до 95.523 денари[43]. Наведеното овозможува најголем дел од студентите во земјата да го исполнат овој услов со што се нарушува постулатот за социјалната компонента која е дефинирана како основна во оваа група на стипендии, како и да бидат доделени стипендии на дел од студентите кои потекнуваат од семејства кои оствариле реалтивно повисоки месечни примања, што е и над 80.000 денари. Наведеното доведува до заклучок дека во услови на мал број пријавени кандидати, се овозможува одобрување на стипендии и за социјални групи за кои оваа група стипендии не е наменета.

#### 3.2.3.2. Група 2 – Стипендии за студенти кои покажале особен успех во студирањето

За оваа група  стипендии утврдени со конкурсот се вкупно 900 кои се распределени во 5 посебни подгрупи. Од овие 5 подгрупи најголем број стипендии – вкупно 770, или 85,6% се обезбедени за првата подгрупа која се однесува на студенти кои постигнале особен успех во студирањето и се запишани на било која високошколска установа. Останатите подгрупи се однесуваат за студенти кои исто така постигнале особен успех во студирањето меѓутоа студираат на определени студиски програми

[41] Максимално 60 бодови од можни 80 бодови
[42] Висина на просечна плата која е употребена во објавениот Конкурс за стипендирање за 2022/23 година
[43] Член 4, Правилник за видот на студентските стипендии и начинот на доделување на студентските стипендии на студентите кои студираат во Република Северна Македонија

(информатика – 85 стипендии, македонски јазик, македонска книжевност и јужнословенски книжевности – 15 стипендии, историја на уметност, археологија, ликовна уметност и етнологија и антропологија – 15 стипендии и преведување и толкување од македонски на албански јазик и обратно – 15 стипендии).

Со конкурсот за групата 2, за разлика од групата 1, не се бара од кандидатите доставување на комплексна документација, односно во оваа група се бодува единствено постигнатиот успех на студентот. Притоа во зависност од подгрупата во која се аплицира бараниот успех варира од просечен успех од 7,5 до 9 и положени 90% од испитите заклучно со студиската година која кандидатот ја има запишано. Со вака воспоставените критериуми од вкупно обезбедени 900 стипендии, доделени се 622 за сите подгрупи, односно понизок број во однос на објавениот број на стипендии во конкурсот.

Со анализа на доставените пријави утврдивме дека квотата на стипендии е пополнета единствено за подгрупите за македонски јазик и историја на уметност, додека во останатите подгрупи квотата не е пополнета поради поповолни услови за обезбедување на стипендија во групата 3. Во рамките на оваа група забележителен е големиот интерес за обезбедената квота за приватните универзитети каде што за 46 обезбедени стипендии доделени се 58 и бројот на доделени стипендии е повисок од објавениот поради поголем број студенти со ист број бодови, а 197 студенти се одбиени иако ги исполнуваат условите, од што произлегува дека за една обезбедена стипендија за приватните универзитети конкурираат 5,5 студенти. Од другата страна квотата за државните универзитети воопшто не е пополнета, а со конкурсот не се предвидени критериуми за бодување на екстра-курикуларните достигнувања на студентите за: учество и успеси на натпревари, изработка на проекти и итн. Имајќи предвид дека оваа категорија стипендии опфаќа студенти со особен успех во студирањето се вреднува секое достигнување на студентот и не треба да се мери само преку оценките што ги има добиено при студирањето[44]. Во врска со распоредот на доделените стипендии помеѓу студентите од различни универзитети и студиски програми извршивме повеќе анализи. Притоа учеството на студентите кои обезбедиле стипендија по универзитети на кои студираат е прикажан на следниот:

Графикон 3: Запишани студенти на некој од државните универзитети кои обезбедиле стипендија за покажан особен успех во студирањето




[44] Анализа на видовите стипендии, постапката за доделување, условите и критериумите за доделување стипендии за ученици и студенти кои ги доделува Министерството за образование и наука на РСМ, Центар за управување со промени

Евидентно е дека 64% од студентите кои обезбедиле стипендија од оваа група се запишани на УКИМ, додека на останатите државни универзитети припаѓаат 36%. Со анализа на одобрените стипендии меѓу двете основни групи на студиски програми: општествено хуманистички студиски програми и останати[45] го утврдивме соодносот во следниот:

Графикон 4: Процент на стипендирани студенти по основни студиски програми




Исто така интересот на студентите да се запишуваат на некоја од општествените и хуманистичките студиски програми е значително поголем во однос на останатите студиски програми, што има влијание да се одобрат помал број стипендии на студенти од останатите студиски програми. Со цел да го утврдиме учеството на стипендирани студенти кои покажале особен успех во студирањето извршивме анализа за утврдени шест научни дисциплини во кои се опфатени сите студиски програми кои се застапени на некој од државните универзитети. Резултатите од анализата се прикажани на следниот:

Графикон 5: Број на стипендирани студенти со особен успех во студирањето по научни дисциплини




[45] Природно-математичките, техничките, медицинските и биотехничките студиски програми

Од извршената детална анализа утврдивме дека најголем дел од студентите од оваа група се запишани на факултетите од областите на хуманистичките, општествените и медицинските науки како и некој од факултетите за информатички системи и компјутерски науки, односно вкупно 471 студент или 83,5% од вкупно одобрени 564 стипендии на студенти запишани на некој од државните универзитети, а остатокот отпаѓа на сите останати студиски програми. Како резултат на наведеното евидентна е неповолна структура на студиските програми за кои се одобрени стипендии на студентите кои покажуваат особен успех во студирањето, како и ниското учеството на студиските програми за кои интересот за студирање во изминатиот период е опаднат, со што и не се обезбедува во целост откривање, стимулирање и негување на надарени студенти од различни области на науката, техниката, културата, уметноста и спортот.

#### 3.2.3.3. Група 3 - Стипендии за студенти запишани на студиски програми од научните подрачја на природно-математичките, техничко-технолошките, биотехничките и/или медицинските науки

За оваа група, број на стипендии утврдени со конкурсот се обезбедени вкупно 630 со намера на МОН со оваа група да се стимулираат на младите за запишување на студиски програми на кои подолг период се забележува недостиг на интерес за студирање што треба да доведе до поголем број на дипломирани студенти. Поради ова во Конкурсот воспоставени се критериуми за обезбедување на стипендија кои се значително пониски во однос групата 2. Имено минималниот просек на оцените кој е утврден со конкурсот за оваа група е дефиниран на најмалку 7,00 просечна оцена за сите положени испити како и најмалку 80% положени испити. Оваа група е поделена на две подгрупи и тоа:

- Подгрупа 1 – со 500 стипендии за студенти запишани на студиски програми на природно-математичките, техничко-технолошките, биотехничките и/или медицинските науки и
- Подгрупа 2 – со 130 стипендии за студенти запишани на студиски програми по хемија (40), физика (30) и математика (30), како и земјоделските, ветеринарните и шумарските науки (30).

Како резултат на ова забележително е поголем интерес на студентите за пријавување во оваа група, при што конкурирале вкупно 1.983 студенти односно за една стипендија се јавиле 3,15 кандидати, а по извршената евалуација извршен е избор на студенти на кој им се доделени стипендии од кој последниот на ранг листата има просек на оценки 8,3, а останатите со послаб успех се одбиени. Со ревизијата утврдивме дека:

- МОН нема развиено методологија за определување на бројот на стипендии за студентите кои се запишани на овие студиски програми, ниту пак е изработена студија за потребата од кадар на пазарот на труд за лица во наредниот период како основ за определување на студиските програми кои ќе бидат дел од оваа група за стипендирање.
- Во првата подгрупа се наведени студиски програми за кои нема недостаток на запишани и дипломирани студенти како што се медицинските, природно –

математичките науки, како и за информатички науки кои се содржани и за доделување на талентирани студенти од групата 2. Со оглед на тоа што кај овие студиски програми не е забележан недостаток на интерес за студирање и истите се значајно застапени и во групата 2, неоправдана е намерата од нивното вклучување и во оваа група при што доделени се 345 стипендии на студенти запишани на овие две студиски програми или 70,5% од вкупно доделени стипендии од подгрупата 1. Заинтересираноста на студентите за оваа група на стипендии придонело и за зголемување на потребниот успех на студентите кој е изедначен со успехот во групата 2, без да се врши запознавање на младите со можностите кои ги пружа оваа мерка преку изработка на информативни брошури од страна на МОН.

Имајќи предвид дека не е направена анализа за потребите на пазарот на труд за наредниот период, неизвесно е дека овие студиски програми се единствени за кои постои потреба од зголемување на бројот на запишани и дипломирани студенти во земјата во однос на други студиски програми кои можат да се опфатат со оваа мерка на МОН.

- Во врска со стипендиите од подгрупата за да се стимулира студирањето на студиските програми за кој е присутен исклучително мал интерес на младите и тоа за студиски програми по хемија, физика и математика, како и земјоделските, ветеринарните и шумарските науки од МОН за прв пат се обезбедени 130 стипендии и е предвиден значително повисок износ на стипендии во висина од 18.000 денари месечно. Ова го потврдува и податоците од анализата на бројот на запишани студенти во студиските програми математика, хемија и физика при што утврдивме дека за периодот 2019 до 2022 година не е забележано зголемување на бројот на запишани студенти.

Графикон 6: Запишани студенти во прва година по студиски програми 2019/20 - 2022/23[46]




Сепак истакнуваме дека се работи за мерка на МОН за поттикнување на заинтересираноста на студентите за студирање на овие студиски програми која треба да продолжи, а причините за малиот број студенти на овие студиски програми

[46] Извор: Запишани студенти на додипломски студии 2019 -2022, ДЗС

треба да се бараат во состојбите на пазарот на труд. Во врска со студиските програми кои во оваа подгрупа прв пат се вклучени во 2022/2023 година[47], ефективноста на оваа мерка ќе може да се утврди во наредниот период.

### 3.2.3.4. Група 4 – Стипендии за студенти запишани во прва година на студиски програми на високообразовни установи за образование на наставен кадар во предучилишното воспитание, основното и средното образование

Оваа група на стипендии се однесува на обезбедени 30 стипендии за студенти кои се запишани во прва година на студиски програми на високообразовни установи за образование на наставен кадар во предучилишното воспитание, основното и средното образование односно 1% од вкупно обезбедените стипендии. Притоа од пријавени 144 студенти одобрени се само 3 стипендии додека 141 апликација е одбиена поради неисполнети услови. Причина за високиот број на одбиени студенти е елиминаторниот услов во конкурсот, согласно кој потребно е апликантите да имаат обезбедено стипендија за талентирани ученици од МОН, поради што 27 стипендии останале недоделени. Овој услов согласно Правилникот за доделување на стипендии[48] конкурсот, е еден од критериумите за обезбедување на бодови но нема елиминаторен карактер во постапката. Исто така оваа група која се однесува за истите студиски програми како и за групата 9 воспоставена со Програмата за која МОН го нема определено бројот на стипендии и начинот на рангирањето на студентите. Недоследно применетите критериуми преку дефинирање елиминаторен услов во конкурсот за аплицирање доведуваат до недоделување на дел од обезбедените стипендии за оваа група.

### 3.2.3.5. Група 8 - Стипендии за редовни студенти Роми запишани на додипломски студии од прв циклус

МОН врз основа на распишан конкурс[49] секоја година врши доделување на стипендии на студенти Роми со цел инклузија на Ромите во општеството поради што и бројот на стипендии не е ограничен и за 2022/23 се доделени стипендии на 125 студенти. За обезбедување на оваа стипендија не се воспоставени критериуми поврзани со успехот и како резултат на ова врз основа на резултатите од конкурсот утврдивме дека кај студентите Роми запишани во прва студиска година забележителни се доделени стипендии на студенти кои имале слаб успех во средното образование. Во услови кога МОН нема воспоставено систем за следење на успешноста на овие студенти и завршување на високото образование **не може да се потврди оправданоста на доделените стипендии** . Извршивме анализа на бројот на запишани студенти Роми за периодот 2019-2022 година при што утврдивме дека бројот на Роми запишани на додипломски студии е намален од 192 за 2019 година на 142 во 2022 година[50] додека бројот на дипломирани студенти се движи од 22 до 33 за истиот период. Поради ова и покрај тоа што се работи за потребна мерка на МОН, не

[47] земјоделски, ветеринарни и шумарски науки
[48] Правилник за видот на студентски стипендии и начинот на доделување на студентски стипендии на студентите кои студираат во Република Северна Македонија (Службен весник на РСМ“ бр.168/19, 258/20 и 160/21)
[49] член 49 став 5 од ЗСС и точка 8 од Програмите за остварување и развој на дејноста во студентскиот стандард
[50] Извор: Запишани студенти на додипломски студии 2019 -2022, ДЗС

може да се даде проценка дали со истата е постигната целта, односно дека е постигнато зголемување на интересот за студирање кај припадниците на ромската етничка група.

### 3.2.4. Стипендии за студенти кои студираат на еден од првите 100 универзитети во странство

МОН еднаш годишно доделува стипендии за додипломски студии од прв циклус во прва година на еден од првите десет рангирани универзитети од сите области, односно од областа на техничките науки, архитектурата, градежништвото, математиката, меѓународното право, економијата и финансиите, физиката, биологијата, хемијата, медицинските науки и генетиката на еден од првите сто рангирани универзитети, согласно последната објавена листа на Центарот за универзитети од светска класа при Шангајскиот Џио Тонг универзитет. Притоа со овој вид на стипендирање МОН започнал во студиската 2013/14 година. Дополнително со Програма е дефинирано и одобрување на стипендии за студенти запишани на додипломски студии од прв циклус во странство од областите на ликовната уметност, кинематографија, музика и филмска продукција, а исто така се доделуваат и стипендии за академски студии од втор циклус во странство. По својата суштина станува збор за стипендии кои се однесуваат на уметнички студиски програми кои не се оптоварени со условот студентот да е запишан на Универзитет од првите 100 согласно објавената листа од Универзитетот од Шангај.

На студентите кои ги исполнуваат условите од конкурсот МОН се обврзува да им исплати годишна уписнина во висина од најмногу 40.000 американски долари, стипендија за престој во месечен износ (во просек од околу 45-46 илјади денари месечно) како и еден повратен билет за авионски превоз. Студентите имаат обврска да достават доказ дека редовно ги извршуваат студиските обврски, а по завршување на студиите 6 месеци да бидат на располагање за вработување во органите на државната управа. По истекот на овој временски период, стипендистите може да бараат вработување во приватниот сектор во државата со обврска за секоја година помината на студии во странство да работи две години во државата.

Одобрувањето на стипендиите се врши врз основа на објавен конкурс од страна на МОН согласно на Правилникот[51], кој врши проверката на документацијата, изготвување на список и известување на кандидатите и одлучување по жалби во прв степен. Во изминатиот период, ниту во Правилникот ниту во конкурсот не е дефинирана бројка на студенти на кои годишно ќе им се одобри стипендирање во странство. Поради наведеното овие стипендии се одобруваат на сите кои ги исполниле условите кои се дефинирани во конкурсот. Заклучно со 2023 година МОН има одобрено стипендии на вкупно 211 студенти, а активни се 102 стипендисти кои сеуште се стипендираат од страна на МОН, по конкурси спроведени заклучно со 2022 година, како и дополнителни 9 студенти запишани на некоја од уметничките студиски програми на универзитети во странство. Учеството на исплатите на оваа група стипендии во вкупниот исплатен износ за стипендии од страна на МОН е прикажан во следната табела:

[51] Правилник за видот на студентските стипендии и начинот на доделување на студентски стипендии на студенти кои студираат во странство Службен весник на РСМ“ бр.220/16, 48/21 и 93/23

Табела 5: Исплатен износ за стипендии и учество на исплатите за стипендирање на студенти кои студираат во странство

**во 000 денари**

| | 2019/20 | 2020/21 | 2021/22 | 2022/23 |
|---|---|---|---|---|
| Исплатен износ на стипендии за студенти кои студираат во странство | 97.506 | 109.398 | 145.008 | 188.361 |
| Исплатен износ на стипендии за студенти кои студираат во земјата | 242.949 | 312.170 | 274.884 | 235.849 |
| Вкупно исплатено за стипендии | 340.455 | 421.568 | 419.892 | 424.210 |
| Процент на учество на исплатен износ на стипендии за студирање во странство од вкупно исплатени | 28.6% | 26.0% | 34.5% | 44,4% |

Со оглед на бројот на стипендисти и висината на школарината која се исплаќа, расходите по овој основ учествуваат со значителен износ во вкупните расходи за стипендирање на студенти. Притоа исплатениот износ за стипендирање на студенти кои студираат во странство за 2022/23 година е зголемен во однос на претходните години, со тоа и учеството во однос на вкупно исплатениот износ за сите видови стипендии  достигнува до 44,4% за 111 студенти во однос активните стипендисти кои студираат во земјата чие учество се намалува и покрај поголемиот број на студенти.
Во врска со исполнувањето на обврските од страна на стипендистите кои студирале и дипломирале во странство на некој од првите 100 Универзитети од Шангајската листа во досегашниот период МОН нема воспоставено ефикасен систем за следење кои овие студенти ги имаат исполнето обврските согласно објавениот конкурс и склучените договори. Согласно на изработен преглед од страна на МОН за мал број од студентите е наведено дека работат во странство или во некоја домашна фирма, меѓутоа за најголем дел од студентите МОН нема информација дали студентите постапиле во согласност со обврските ниту се бара од надлежните државни институции проверки дали стипендистите се вратени во земјата по дипломирањето. Иако со склучените договори е предвидено студентите да достават меница како средство за обезбедување на исплатените средства во случај неисполнување на обврските од страна на студентите во пракса оваа одредба не се почитува и МОН не бара доставување и  активирање на меницата поради непочитување на обврските од страна на студентите. Исто така при утврдување на програмата за доделување на овие стипендии не се зема во предвид дека дел од студентите запишани на студиски програми за кои во нашата земја нема големи можности за вработување, поради неразвиеност на конкретната научна област и непостоење субјекти кои се занимаваат со тој тип на дејност (нанотехнологија, вештачка интелигенција, генетика, авијација, вселенско инженерство, палеонтологија и др.). Имајќи го во предвид наведеното како и интересот на лицата да студираат на еден од првите 100 Универзитети во светот оставен е простор лицата да продолжат да работат во странство, наместо да се вратат во земјава согласно условите од конкурсот, со што не е обезбедено ефикасно користење на исплатените средства за оваа намена. Во насока на намалување на расходите по овој основ во наредниот период од страна на

МОН со конкурсот кој е објавен за 2023/24 година е лимитирано стипендирањето на студенти кои студираат во странство на максимални 10 обезбедени стипендии.

Во областа на студентското стипендирање мерките за стипендирање на студентите кои се воспоставени се соодветни, но истите не се усогласени со интересот за студирање по студиски програми, а аплицирањето кај повеќе од една група на стипендии, обемната документација и недоследностите при утврдување на исполнетоста на условите придонесува дел од стипендиите да не бидат доделени и не може да се потврди дека воспоставениот начин на стипендирање за студирање во странство обезбедува ефикасна искористеност на исплатените средства во износ од 188.361 илјади денари кои учествуваат со 44,4% во вкупните средства за стипендии и придобивки за државата.

## 3.3. Сместување, функционирање, финансирање и инвестиции во студентски домови

### 3.3.1. Сместување во студентските домови

Правото на сместување и исхрана во ДСД имаат студентите кои се школуваат надвор од местото на живеење[52]. Запишувањето и приемот во ДСД се врши по пат на конкурс кој го објавува МОН на начин кој е уреден со Правилник за начинот на прием на студентите во ДСД[53]. Со овој правилник е утврдена распределба на вкупниот број расположливи места во студентските домови на три групи и учеството за секоја група, критериумите за прием на студентите и бројот на бодови за рангирање по групи и подгрупи. Притоа распределба се врши на следниот начин:

- Прва група - 40% студенти кај кои вкупните приходи во семејството се до и над нето минималната плата утврдена во земјата која има две подгрупи[54];
- Втора група - 25% студентите кои постигнале особено висок успех во учењето и
- Трета група - 35% студенти кои не припаѓаат во првите две групи.

Конкурсот кој го објавува МОН ги содржи критериумите врз основа на кои се врши прием на студентот[55], бројот на расположливите места, потребните документи, роковите за пријавување на конкурсот за запишување на студентите во студентските домови и рокот за сместување во студентските домови. Пријавувањето на студентите се врши електронски, а рангирањето на студентите за секоја од погоре споменатите групи се врши врз основа на критериуми утврдени со Правилникот. Списокот на студентите со добиените бодови се објавува на интернет страницата на МОН и на интернет страницата на домовите.

#### 3.3.1.1. Правила и критериуми за прием на студенти во ДСД

Со анализа на примена на законите, подзаконските акти и програмските активности при распределбата на вкупниот број на расположливи легла за прием на студентите во ДСД и рангирање по групи до утврден број на бодови утврдивме дека:

- со Правилник за начинот на прием на студентите во ДСД не е разработен начинот на евалуација на примените апликации за сместување во ДСД ниту пак надлежно

[52] член 24 од ЗСС
[53] Службен весник на РМ, бр. 89/13, 98/13 и 130/16
[54] член 25 став 1 и 2 од ЗСС
[55] успехот во учењето, редовноста во студирањето и семејно - материјалната положба на студентот

тело кое треба да ги врши овие активности. Во пракса овие активности ги врши комисија назначена од страна на министерот, која има обврски да врши проверка на документацијата, евалуацијата на апликациите, изготвување на конечен список на примени студенти по домови и постапување по приговорите;

- предвидените критериуми за евалуација во прва подгрупа (70 бодови за постигнат успех и 30 бодови за социјална компонента) не соодветствуваат со целите за која е основана имајќи во предвид дека станува збор за група во која преовладува социјалниот елемент и за која државата презема обврска во целост да ги покрие трошоците за сместување и исхрана;
- утврдениот начин на распределба од втората подгрупа кај која вкупните приходи во семејството се над нето минималната плата утврдена во земјата не се применуваат одредбите од ЗСС[56] во кој е предвидено максималниот број на бодови за оваа подгрупа да не надмине 50 бода кои се обезбедуваат врз основа на семејно материјалната положба на студентот без да бидат утврдени бодови за постигнат успех;
- со Програмата е предвидено дека МОН ја плаќа цената за сместување и исхрана во студентските домови најмногу за 10 месеци за студентите кај кои вкупните приходи во семејството се до утврдената нето минимална плата и тоа најмногу до 40% од вкупниот број на расположливи места во студентските домови, не земајќи во предвид дека согласно правилникот се предвидени две подгрупи кои треба да бидат сместени доколку ги исполниле потребниот број на бодови, а од друга страна со програмата заедно за двете потпрограми се обезбедени 40% од расположливите места во домовите поради што постои ризик студентите од првата група да не го остварат своето правото за сместување во студентските домови;
- за втората група која се однесува на студентите кои постигнале особено висок успех во учењето и добиваат до 100 бода во правилникот не е дефинирано што се подразбира под терминот “особено висок успех во учењето” и која е минималната граница под која студентите не би биле рангирани во оваа група. Укажуваме дека “особено висок успех“ во учењето не може подеднакво да се постигне од студент кој студира во повисоките години од студирањето во однос на студент од пониските години од студирањето, имајќи го во предвид бројот на положени испити и истото како критериум не е разработено во законските и подзаконските акти;
- третата група - 35% од вкупниот број на расположливите места во домовите која се однесува на редовни студенти запишани на прв циклус на јавните и приватните универзитети и високообразовните установи кои не припаѓаат во претходно споменатите групи е единствената група во која се користени сите елементи за прием на студенти, но се јавува процентуална диспропорција во дефинираните критериуми така што и во оваа група преовладува семејната и материјалната состојба на студентот во однос на другите два критериуми. Притоа дефинираниот број на бодови за семејно – материјалната состојба на студентот во оваа група е повисок во однос на бројот на бодови за истиот основ од првата група

[56] предвидени со член 25 став 2 ЗСС

која по својата суштина претставува група на студенти кои влегуваат во социјално загрозените категории;

- согласно на усвоени измени на Правилникот за прием на студенти во ДСД во 2016 година, во овие три групи вметнати се студентите кои за прв пат ќе бидат запишани на прв циклус на студии-бруцоши за кои како критериуми за евалуација се користат семејно-материјалната положба и оствареniот успех во учењето при што за студентите запишани во прва година се издвојуваат 20% од вкупно расположливите капацитети за сместување. Со извршени анализи утврдивме дека бројката за вкупно расположливи капацитети за сместување која е наведена во Програмата не е ажурирана поради што во Конкурсот за сместување на студенти за 2022/2023 година се утврдени помалку 716 места;
- утврдивме надминување на бројот на сместени за студенти кои за прв пат се запишуваат во прв циклус на студии – бруцоши во однос на утврдените 20% од расположливите капацитети, кое на ниво на опфатени домови е 26,15%, а најголемо отстапување има кај ДСД „Никола Карев“ - Охрид од 38,01%. Исто така со увид во реализацијата на обврската[57] од вкупно расположливите капацитети 40% да се отстапат на студенти кои се ослободени од плаќање на партиципацијата и тоа за групата студенти кај кои вкупните приходи во семејството се до утврдената нето минимална плата во државата утврдивме дека има надминување на бројот на ослободувањата од вкупниот број на сместени студенти кое се движат од 44,59% во ДСД Томе Стефановски Сениќ, па се до 71,74% во ДСД Скопје – Стив Наумов – нови бараки, додека на ниво на студентски домови кои беа предмет на ревизија ослободувањето изнесува 48,48%. (Прилог број 3)

Утврдените неусогласености на законските и подзаконските акти и слабостите во делот на програмските активности доведуваат до неизвесност во поглед на начинот на евалуацијата на примените апликации од страна на назначената комисија и постапување во делот на утврдените критериуми за дефинирање на бројот на бодови за семејно – материјалната состојба, што создава ризик од неправилно утврдување на бројот на обезбедени места за сместување на студенти за секоја група поединечно, што имаат влијае врз ефикасноста и ефективноста на процесот на прием и сместување на студентите во ДСД особено за пристапот за студентите од загорозените социјални категории.

### 3.3.1.2. Конкурс за прием на студенти запишани на додипломски студии во државните и приватните студентски домови во Република Северна Македонија

Со извршениот увид во спроведениот Конкурс за прием на студенти запишани на додипломски студии во државните и приватните студентски домови во Република Северна Македонија за студиската 2022/2023 година и резултатите од спроведување на истиот ревизијата ги утврди следните состојби:

- МОН со решение[58] формирало 3 комисии за прием на студенти запишани на додипломски студии во државните и приватните студентски домови за секој од

[57] Програма за остварување и развој на дејноста студентски стандард и Правилникот за прием на студенти
[58] Решение за формирање на Комисија за прием на студенти запишани на додипломски студии во државните и приватните студентски домови во РМ за студиската 2022/2023 година за ДСД Кочо Рацин - Битола, ДСД Никола Карев и ДСД Орде Чопела бр. 19-

универзитетските центри (Скопје, Штип и Битола). Во тек на ревизијата не е презентиран интерен акт со кој е уреден начинот на работа на комисиите за прием на студенти во ДСД, принципите и критериумите за избор и потребни податоци на записници и извештаи, односно проверката на документацијата, рангирањето и утврдувањето на конечниот список на примени студенти во домовите.

- Во текот академската 2022/2023 година МОН има спроведено отворен конкурс за сместување на студенти во ДСД согласно кој студентите можат да аплицираат заклучно со 15.11.2022 година. При спроведување на постапката за прием на студенти во студентските домови и активностите за обработка на апликациите и одлучување по истите од страна на комисиите утврдивме дека:
  - списоците на апликации по кои се одлучувало не се потпишани и архивски заверени, а МОН не располага со соодветен програм преку кој ќе се врши обработка и евалуација на апликациите за сместување и исхрана во студентските домови;
  - изготвени се голем број на извештаи од состаноците на кои се одлучувало по примените апликации, при што извештаите за сместување во ДСД во кои е најголем интересот на студентите за сместување (ДСД Скопје и ДСД Пелагонија) не содржат податоци кои се однесуваат на бројот на доставени апликации, бројот на примени студенти (бруцоши и студенти од повисоките години, студенти кои се ослободуваат и студенти кои не се ослободени од обврската за плаќање на надоместок за сместување и исхрана), бројот на одбиени студенти, број на примени приговори и резултатите на истите и распоредување на студентите по ДСД.
  - како резултат на обемноста на процесот и кратките рокови за одлучување, комисиите не пристапуваат кон изготвување на еден консолидиран список на студенти, ажуриран по секоја измена на состојбата врз основа на донесените одлуки од комисиите. Отсуството на списоци со точен број на студенти за кои МОН во целост или делумно ја плаќа цената за сместување и исхрана распоредени по студентски домови, како и отсуството на краен датум за нивно составување, создава ризик од трансфер на средства врз основа на доставени барања од ДСД на месечна основа кои не се потврдени од МОН;
  - не е воспоставена единствена база на податоци за студентите кои аплицирале на конкурсот за сместување во ДСД и контрола за точноста на истите и нивниот избор од страна на МОН како орган кој е носител на процесот на прием на студенти во ДСД со надлежност да врши контрола на работата на ДСД.
- Врз основа на доставените извештаи, министерот нема донесено акт со кој ќе ги официјализира конечните резултати[59]. Имено со оглед на тоа што МОН одлучува за сместување и исхрана на студентите во студентските домови со кое се остварува правото определена категорија на граѓани - студентите по спроведените постапки за сместување треба да резултираат со соодветен управен

8480/2 од 25.07.2022 година; за ДСД „Скопје“ - Скопје, ДСД Пелагонија и ДСД Томе Стефановски Сениќ бр. 19-8480/4 од 25.07.2022 година и за ДСД Браќа Миладиновци, ПСД Оаза, ПСД Хилјадников и ПСД Логос бр. 19-8480/3 од 25.07.2022 година.
[59] член 4 став 1 алинеја 6 Закон за општа управна постапка

акт (решение, одлука) донесена од одговорното лице на субјектот, кое потоа може да биде предмет на соодветна жалбена постапка[60].

- На ревизијата не и беше доставена поткрепувачка документација дека МОН за студиската 2022/2023 година извршила бодување на поднесените пријави, согласно групите и критериумите за секоја група поединечно, утврдени со Правилникот. Имено евалуацијата на пријавите се врши од страна на комисии врз основа на податоци внесени од страна на студентите со електронската пријава и дополнително доставената документација за потврда на истите, кои се обработуваат рачно и се внесуваат во соодветни excel табели без да се изврши бодување. Потребата од бодување се јавува од причини што кај поедини ДСД се јавуваат поголем број на апликанти за сместување од расположливиот капацитет кај кои не е воспоставено бодување на апликациите и изработка на ранг листи, со што е овозможено субјективно постапување при распределбата на слободните места и фаворизирање на дел од студентите кои аплицирале.
- Со конкурсот е утврдено и правото за прием на редовни студенти кои се запишани на универзитетите и високообразовните установи во Република Северна Македонија и тоа: владини стипендисти, студенти од странство кои студираат на универзитетите и образовните установи во нашата држава, студенти согласно програмата CEEPUS, студенти според билатерални договори, конкурси и др. Овие студенти немаат обврска да поднесат апликација по конкурсот но се сместуваат во ДСД. Бројот на сместени студенти од овие групи во академската 2022/2023 година, добиен од МОН кој во целост не е прецизен надминува 100 студенти, што има влијае на процесот на планирање на капацитетите за сместување.
- За начинот на прием на студентите во ДСД, предвидена е обврска списокот на примените студентите со добиените бодови да се објавува на веб страната на МОН и на веб страната на домовите[61]. Притоа не е предвиден начинот и форматот со кој МОН ги доставува листите до студентските домови, начинот на објава на огласните табли и реализација фактичкото сместување на студентите во истите. Во практиката списоците кои ги објавува МОН на својата веб страна официјално не се доставуваат до ДСД, со што не може да се потврди дека списоците кои ги користат ДСД се одобрени од одговорните лица во министерството. Роковите за сместување на студентот во студентските домови, почнуваат со денот на потпишувањето на договорот со домот во кој студентот е примен, но не подоцна од 10 дена од објавените списоци. Сместувањето на студентите во студентски домови се врши од комисии формирани од страна на самите студентски домови, при што не се утврдени правила за распределба на лицата по соби, а сместувањето се врши врз основа на принципот прв дојден прв услужен. Поради краткиот период за сместување, документацијата и евиденцијата за примените студенти[62] студентските домови ги формираат по завршувањето на процесот на сместување. Отсуството на соодветна програма на обработка на податоците, неприменувањето на критериумите за бодовно рангирање на студентите кои

[60] ЗСС и Правилникот за сместување на студентите во студентски домови
[61] член 14 Правилник за начинот на прием на студентите во ДСД
[62] член 32 од ЗСС

конкурирале согласно утврдените групи, како и отсуство на консолидирани и редовно ажурирани листи кои ќе содржат податоци за вкупниот број на примени студенти, по категории и студентски домови како и значаен број на одбиени студенти (точка 3.2.1.) укажува на слабостите во постапката за доделување на стипендиите вкупно не обезбедува ефикасен и ефективен избор, распоредување и сместување на студентите. Иако МОН е институција која е одговорен носител на процесот на прием на студенти во студентските домови, непреземените мерки за редовно ажурирање на списоците на студентите кои се сместени во ДСД како ефект има зголемување на ризикот од исплата на средства за партиципација за сместување и исхрана врз основа на доставени барања од ДСД на месечна основа кои не се потврдени од МОН.

### 3.3.2. Сместувачки капацитети и услови за сместување во ДСД

#### 3.3.2.1. Сместувачки капацитети

Сместувањето и исхраната на студентите кои студираат надвор од местото на живеење се организира во студентски домови кој согласно ЗСС можат да бидат организирани како државни и приватни студентски домови. Условите за основање на ДСД опфаќаат доволен број на студенти, обезбедување на средства потребни за основање и работа, обезбедување на опрема простор и кадар[63] и други услови кои подетално се предвидени со Правилникот за нормативите и стандардите за опрема простор и кадар донесен од страна на министерот за образование и наука. Со оглед на тоа што до моментот на ревизијата регистарот не е воспоставен, а и не е извршена ниту верификација на студентските домови, сместувачките капацитети на студентските домови МОН ги утврдува врз основа на пријави кои на годишна основа ги доставуваат ДСД на обрасци предвидени со правилникот и истите претставуваат основа за формирање на конкурсите за сместување во тековната студиска година.

Во однос на состојбата со сместувачките капацитети на ДСД го утврдивме следното:

- Во период 2019 - 2022 година постои значително намалување од 22,79% или за 1.325 легла во студентските домови кое е прикажано на:

Табела 6: Движење на сместувачките капацитети на ДСД за период 2019-2022 година

| Државен студентски дом | сместувачки капацитети | Објавени капацитет по конкурс | | | | Промена на број | Процент на промена |
|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | | 2019/2020 | 2020/2021 | 2021/2022 | 2022/2023 | | |
| | | Вкупно легла | | | | | |
| ДСД "Скопје" –Гоце Делчев | 1.216 | 608 | 1216 | 1216 | 1186 | 30 | -2,40% |
| ДСД "Скопје"- Кузман Јосифовски Питу | 490 | 490 | 490 | 490 | 0 | 490 | / |
| ДСД "Скопје"- Стив Наумов 3 зграда | 601 | 601 | 601 | 601 | 601 | 0 | 0 |
| ДСД "Скопје"- Стив Наумов 2 зграда | 356 | 356 | 0 | 0 | 0 | 356 | / |
| ДСД "Скопје"- Стив Наумов 1 зграда | 264 | 0 | 0 | 0 | 0 | 264 | / |
| ДСД "Скопје"- Стив Наумов нови бараки | 138 | 138 | 138 | 138 | 138 | 0 | 0 |
| ДСД „Пелагонија" –Скопје | 997 | 980 | 997 | 997 | 997 | 0 | 0 |
| ДСД „Томе Стефановски Сениќ" - Скопје | 573 | 577 | 573 | 370 | 370 | 203 | -35,40% |
| ДСД „Кочо Рацин" -Битола | 385 | 385 | 385 | 385 | 385 | 0 | 0 |
| ДСД „Никола Карев" - Охрид | 226 | 226 | 226 | 243 | 242 | 16 | 7% |
| ДСД „Н. Х. Орде Чопела" Прилеп | 333 | 333 | 333 | 335 | 335 | 2 | 0,60% |
| ДСД „Браќа Миладиновци" – Штип | 236 | 236 | 236 | 236 | 236 | 0 | 0 |
| **Вкупно** | **5.815** | **4.930** | **5.195** | **5.011** | **4.490** | **1.325** | **-22,79%** |

[63] член 12 од ЗСС

Намалувањето на сместувачките капацитетите на студентските домови е резултат на затварањето на зграда 1 и 2 од ДСД Стив Наумов во 2019/2020 година, поради несоодветни услови за престој и планирано реновирање како и со затворањето на ДСД Кузман Јосифовски Питу, кој е ставен надвор од функција од месец мај 2022 година. Како дел од ДСД Скопје, овие објекти не се опфатени со објавените конкурси за сместување на студенти што значително ги намалило расположливите капацитети на овој ДСД, но се планира да бидат опфатени во првата фаза од проектот за енергетска рехабилитација на студентските домови во Република Северна Македонија. Од прикажаните податоци повеќето домови немаат промени во капацитетот, освен кај ДСД Томе Стефановски Сениќ каде има намалување, а кај ДСД Никола Карев – Охрид е забележан мал пораст на капацитетите. Со оглед на тоа што МОН нема воспоставено Регистер на студентски домови, податокот за капацитетите не може да биде потврден .

- Во студиската 2022/2023 година согласно податоци доставени од МОН со конкурсот се објавени 4.490 легла или 77,28% од вкупно расположливите 5.681 легла, а нивната исполнетост е дадена во табелата подолу:

Табела 7: Капацитет и исполнетост по ДСД за студиска 2022/2023 година[64]

| ДРЖАВНИ СТУДЕНТСКИ ДОМОВИ | Локациј а Град | Расположливи /Објавени капацитети | Исполнетост сместени студенти | Исполнетост сместени ученици | Процент на исполнетост |
|---|---|---|---|---|---|
| ДСД “Гоце Делчев” | Скопје | 1.186 | 1.163 | / | 98,3% |
| ДСД “Стив Наумов” - 1 и 2 зграда | Скопје | 620 | / | / | / |
| ДСД “Стив Наумов” - 3 зграда | Скопје | 601 | 454 | / | 75,5% |
| ДСД “Стив Наумов” - нови бараки | Скопје | 138 | 138 | / | 100% |
| ДСД “Кузман Јосифовски Питу” | Скопје | 490 | / | / | / |
| Вкупно ДСД Скопје | | **3.035/1.925** | **1.755** | / | **91,1%** |
| ДСД „Кочо Рацин“ | Битола | 385 | 284 | / | 73,7% |
| ДСД „Никола Карев“ | Охрид | 242 | 118 | 91 | 48,7% |
| ДСД „Н. Х. Орде Чопела“ | Прилеп | 335 | 19 | 165 | 54,9% |
| ДСД „Томе Стефановски Сениќ“ | Скопје | 370 | 229 | 48 | 74,8% |
| ДСД „Пелагонија“ | Скопје | 997 | 997 | / | 100% |
| ДСД „Браќа Миладиновци“[65] | Штип | 236 | 68 | 195 | 111,4% |
| ВКУПНО | | **5.681/4.490** | **3.470** | **499** | **77,28%/88,39%**[66] |

Покрај значително намалување на сместувачките капацитетите на државните студентските домови просечната исполнетост по конкурсот за сите ДСД е 88,39%, кој се движи од 48,7% за студентскиот дом Никола Карев во Охрид, до 100% во Пелагонија, Скопје и Стив Наумов нови бараки, Скопје. Истакнуваме дека согласно Правилникот[67] доколку останат непополнети места можат да се пополнат со студенти кои не ги исполнуваат условите согласно овој правилник или со запишани редовни ученици во средното образование. По овој конкурс

[64] Податок обезбеден од МОН
[65] Направена е грешка – пермутација на бројките за расположливи легла во објавениот капацитет за овој ДСД и истиот всушност изнесува 263 легла, процентот на исполнетост на капацитетот е 100%.
[66] Процент на пополнетост на капацитетите со вклучен број на сместени ученици
[67] член 19 Правилник за начинот за прием на студенти во ДСД (Службен весник на РМ бр. 89/13, 98/13 и 130/16)

останати се неполнети 520 легла или 11,61% од вкупните сместувачки капацитети на ДСД.

- Од вкупниот број на расположливите места во ДСД 20% се обезбедени за редовни студенти кои за прв пат ќе бидат запишани на прв циклус студии на јавните и приватните универзитети и високообразовните установи[68]. Меѓутоа со анализа на бројот на обезбедените легла, примени апликации и сместени студенти (Прилог број 4 Табела 1 и Табела 2 на овој извештај) го утврдивме следното:

- во студиските 2021/2022 и 2022/2023 година учеството на бруцошите во вкупниот број на расположливи места во ДСД е над пропишаните и се движи од 24,05% односно 24,43%, што е резултат од погрешно прикажан број на бруцоши/останати студенти во ДСД „Орде Чопела“ – Прилеп, што влијае на вкупната бројка на расположливи легла, а студентите од повисоките години на студирање се доведени во нерамноправна положба (Прилог бр. 4 Табела 1).
- условите кои ги нудат студентските домови е во корелација со интересот на студентите за сместување поради што број на примени апликации за сместување 2022/23 година во однос на капаците на ДСД се разликува и како прв избор за сместување студентите ги бираат ДСД кои нудат подобри услови, поради што бројот на апликации ги надминуваат сместувачките капацитети и тоа во ДСД Гоце Делчев од 209,95% односно за 1.304 легла и во ДСД Стив Наумов – нови бараки од 191,30% односно за 126 легла. Големиот интерес за сместување во истите ги надминува расположливите капацитети во овие домови поради што се појавува потреба од нивно прераспределување во други ДСД (Прилог бр. 4 Табела 2).

- Исто така извршивме анализа на број на апликации по студентски домови кои студентите ги избрале како прв избор кој е прикажан на:

Графикон 7: Број на апликации по студентски домови




Резултатите од овие анализи укажуваат дека причините за голем број на апликации се условите за сместување и престој во студентските домови во земјата кои се разликуваат што придонесува во забележително поголем број студентите да аплицираат во студентските домови во кои условите за сместување се подобри во

[68] член 8 од Правилникот за прием на студенти во ДСД

однос на останатите. Во услови кога не е утврдено на кој начин студентот ќе го оствари своето право за сместување кога не е сместен во ДСД, а ги исполнил условите, дополнително влијае овие студенти да одвојуваат значајни средства за приватно сместување, како и поттикнување за откажување од студирање но и одлив на кадар од државата.

### 3.3.2.2. Состојби за сместување и престој во ДСД

Студентските домови претставуваат простори (јавни или приватни) во кои престојуваат студентите во текот на академската година. Студентите кои престојуваат во овие домови се студенти кои доаѓаат од други градови и постојано живеат во студентските домови за период од 10 месеци во годината, всушност, претставува замена за нивниот примарен дом. Истакнуваме дека состојбата и функционалноста (инфраструктурни услови, квалитет на исхрана, квалитет на домување) во домовите треба да биде на задоволително ниво, со цел да може еден студент да се чувствува како дома и да може своето време да го посвети на своите студии.

Формирањето, функционирањето и надзорот над работењето на ДСД е регулирано со ЗСС. Министерот за образование и наука има донесено Правилник за нормативи и стандарди за опрема простор и кадар во студентските домови[69]. Со овој Правилник, дефинирани се условите кои треба да ги задоволува секој студентски дом, поврзани со опременоста на просториите за престој, живеење, учење и рекреација на студентите во домот, дефинирана е минималната површина на собите во кои престојуваат студентите, а предвидени се и простории за вработените во домот, материјално-технички и услужни дејности (кујна, трпезарија, перална, котлара итн.) како и инфраструктурни простории во домот. Дополнително домовите треба да обезбедат затоплување на просториите во зимските месеци, осветлување, термичка и акустична изолација, водоводна и канализациона инсталација односно сите услови за живеење на сместените студенти.

Во однос на состојбите за сместување и престој во ДСД ревизијата го утврди следното:

- Во наведениот правилник не е утврдена потребата за опременост на ДСД со електронска опрема како што се компјутери, принтери, скенери како и стабилна интернет конекција. Дел од домовите располагаат со компјутери и останата опрема ставени на располагање на студентите кои не поседуваат ваква опрема, меѓутоа опремата не е соодветна за реализирањето на активностите во наставниот процес на високо школската установа на која студираат.
- Објектите кои ги користат ДСД се изградени на различни локации, во различни временски периоди и истите се од траен карактер при што најстар е објектот ДСД Кочо Рацин – Битола кој е изграден во 19 век за потребите на турската војска, додека објектот на ДСД Стив Наумов – нови бараки е последно изграден објект на студентски дом и истиот датира од 2014 година, а во тек се активности за пуштање во употреба на новиот објект на ДСД Тетово.

[69] Согласно член 12 од ЗСС

- Со увид во државните студентски домови: ДСД Скопје, ДСД Пелагонија - Скопје, ДСД Никола Карев - Охрид и ДСД Кочо Рацин - Битола, утврдивме дека во дел од ДСД не ги задоволува условите за домување и тоа:

- во дел од домовите, особено во ДСД Пелагонија и ДСД Стив Наумов – трета зграда, комуналната инфраструктура и санитарните јазли, се наоѓаат во лоша состојба: оштетувања, протекување на вода и појава на влага и мувла. Континуирано се работи на санација на овие проблеми меѓутоа поради застареност на инфраструктура потребна е темелна реконструкција на истата со цел овој проблем да се надмине на долг рок, особено од причини што санитарните простории во дел од ДСД се заеднички и ваквата состојба има влијание на хигиената во домовите;
- се јавува потреба од промена и реконструкција на електричната инсталација во зградите која е стара и не ги задоволува потребите на современото живеење со можности за приклучок на додатни уреди во собите;
- во врска со условите за престој и живеење во просториите во кои се сместени студентите утврдивме дека во различни ДСД истите се разликуваат. Минималната опрема за домување која треба да ја содржи секоја соба за студент е кревет, работна маса, стол, ѕидна полица и гардеробер[70]. Од извршен увид утврдивме дека кај дел од домовите ова не е случај, односно домовите кои сместуваат 3 или 4 студенти во една соба недостасуваат работни маси, столови и гардеробери за секој студент поединечно, а недостасува и слободна површина за вметнување на оваа опрема, што од друга страна укажува на можно надминување на проектираниот капацитет на собите. Кај дел од домовите дел од мебелот е набавен пред неколку децении и е целосно застарен и амортизиран, поради што постои потреба од негова итна замена, како и донесување на акт од страна на ДСД за утврдување на потребата за замена на овој вид на опрема на определен временски период. Невоедначените услови за живеење и престој во различни ДСД им се познати на студентите и ова претставува објаснување за големиот број на апликации за сместување во ДСД Гоце Делчев и ДСД Стив Наумов – нови бараки, кои нудат подобри услови во однос на останатите ДСД кои сместуваат студенти на подрачјето на Град Скопје (врска точка 3.3.2.1.).

Условите за сместување и нивото на опременост кај одредени ДСД не се на задоволително ниво и се пресудни за степенот на искористеност на сместувачките капацитети и интересот на студентите за сместување во одредени ДСД и влијаат на квалитетот на животот и процесот на образование на студентите (Прилог број 5).

### 3.3.2.3. Задоволството на студентите од условите во студентските домови

Со цел да извршиме проверка на мислењето на студентите во врска со условите за сместување и престој во студентските домови извршивме он-лине анкета на студентите кои се сместени во студентските домови во земјата. Он-лајн анкета е спроведена преку Анкетен прашалник кој е составен од затворени и отворени прашања и е креиран од надворешниот соработник ангажиран во ревизијата и во

[70] член 3 од Правилникот за нормативи и стандарди за опрема, простор и кадар во студентските домови

консултација со ревизорската екипа на Државниот завод за ревизија. Онлајн анкетата беше дистрибуирана од страна на тимот на ДЗР, преку електронскиот систем на МОН.

Анкетата ја пополнија вкупно 286 испитаници односно околу 8,25% од вкупно сместените студенти, од кои 39% се од машки, а 61% од женски пол, на возраст од 19 до 25 години. Во најголема мера се застапени студенти од прва година (73,4%), потоа од втора (8,7%), трета (5,6%), четврта (8,4%), петта (2,4%) и од шеста година (1,4%). Распределбата на испитаниците согласно студентскиот дом во кој се сместени е претставена во табела во продолжение.

Табела бр. 8 Он- лајн анкета на студентите сместени во студентските домови во земјата

| Студентски дом во кој се сместени испитаниците | N = вкупен% на испитаници кои одговориле |
|---|---|
| Гоце Делчев – Скопје | 17,1% |
| Стив Наумов (трета зграда) – Скопје | 21% |
| Стив Наумов (нови бараки) – Скопје | 3,1% |
| ДСД “Пелагонија” – Скопје | 30,1% |
| ДСД “Томе Стефановски Сениќ” – Скопје | 4,9% |
| ДСД “Кочо Рацин” – Битола | 8% |
| ДСД “Никола Карев” – Охрид | 4,9% |
| ДСД “Орде Чопела” – Прилеп | 1,4% |
| ДСД “Браќа Миладиновци” – Штип | 2,8% |
| ПСД “Хилјадников” – Штип | 3,8% |
| ПСД “Логос” – Штип | 2,8% |

Најголем процент на испитаници од примерокот се од студентските домови Пелагонија, Гоце Делчев и Стив Наумов (трета зграда), од Скопје, во кои се сместени и најголемиот број на студенти, и во соодветен процент се застапени студенти од другите домови. На испитаниците им беа поставени повеќе прашања поврзани со условите за живот во студентските домови. На поставените прашања студентите одговараа со оценки на скала од 1 - многу лош до 5 – одличен.

Резултатите од добиените одговори од студентите на поставените прашања со анкетата за задоволството од условите во студентскиот дом во кој престојуваат студентите се прикажани во:

Табела бр. 9 Просечна оцена за задоволството од условите во студентскиот дом

| Колку сте задоволни од следните услови во студентскиот дом во кој престојувате? | Просечна оцена | Стандардна девијација |
|---|---|---|
| Исхрана (квалитет, разновидност, количина) | 2.64 | 1.175 |
| Хигиена (санитарии, чистота, достапност на топла вода) | 2.41 | 1.224 |
| Мебел (физичка состојба, функционалност) | 3.33 | 1.272 |
| Соби за домување (квадратура, опременост, други физички услови) | 2.98 | 1.296 |
| Техничка опрема (принтер, фотокопир, компјутер, ТВ) | 1.67 | 1.004 |
| Интернет (стабилност, брзина, јачина на сигнал) | 1.81 | 1.143 |
| Услови/атмосфера за учење (звучна изолација, почитување на куќен ред, соодветен простор) | 2.53 | 1.378 |
| Заеднички простории (менза, читална/библиотека, дворна површина) | 3.07 | 1.271 |
| Спортско-рекреативни услови (реквизити и простор за спорт и рекреација) | 2.12 | 1.233 |
| Културно-забавни активности во студентскиот дом | 2.46 | 1.334 |
| Загревање и ладење на просторот | 2.58 | 1.316 |
| Безбедност на објектот и студентите | 2.80 | 1.363 |

**Според резултатите од добиените одговори од студентите квалитетот на животот за време на престојувањето во студентските домови е оценет како лош или потпросечен, со средна вредност m=2.7971.**

Во однос на задоволството од одредени услови во студентскиот дом во кој престојуваат, испитаниците искажале најголемо незадоволство за техничката опременост и пристапот до интернет, како и за сите останати услови во домовите за кои исто така се добиени ниски оцени. Согласно квалитативната анализа на одговорите на отворените прашања, како **клучни проблеми** со кои се соочуваат студентите за време на престојот во студентскиот дом најчесто се издвојуваат: лоша хигиена во тоалетите, лимитирано користење на топла вода и греење, неквалитетна, количински недоволна и еднолична исхрана, прозорци што не затвараат, влага, слаба звучна изолација, оддалеченост од студентскиот кампус, непочитување на куќниот ред, небезбедност, обраснато со трева и малите соби во однос на бројот на сместени студенти.

Студентите во одговорот на прашалниците посочуваат **предлози за подобрување на состојбите и надминување на проблемите** : постојан пристап до топла вода и греење, разновидна, количински побогата и поквалитетна храна, подобар интернет, подобра хигиена и одржување, особено на тоалетите, санкции за непочитување на куќниот ред, воведување на обезбедување во домовите и ограничен влез за надворешни лица, целосно реновирање на домовите или изградба на сосема нови објекти, помалите соби да бидат наменети за помалку од 4 лица, простории за спортско-рекреативни активности и забава/дружење како и читални. Одговорите добиени од студентите со анкетата кои се дадени во Прилог број 6 на овој извештај

[71] Во истражувањето за животниот стандард на станарите во ДСД „Скопје" спроведено од МОФ во 2019 година, квалитетот на животот бил исто така негативно оценет со средна вредност m=2.93. krpen-studentski-zhivot.pdf (fosm.mk)

покажуваат дека меѓу студентите постои незадоволство од состојбите со сместување и исхраната во студентските домови, а како краен ефект се наметнува потребата од преземање активности во насока на подобрување на условите во студентските домови и обезбедување на повисок стандард на живеење и студирање.

### 3.3.2.4. Кадровска екипираност

Во студентските домови воспоставени се критериуми за број на вработени лица во ДСД [72]. Притоа бројот на вработени лица зависи од бројот на студенти кои се сместени во домот, бројот на оброци кои се подготвуваат во домот како и нето и бруто корисна површина. Вработените во домовите се задолжени за тековното функционирање на домовите како што се сместувањето на студентите, хигиената, исхраната, тековното одржување итн., поради што од особено значење е пополнетоста на домовите со кадар да е соодветна. Со цел да дадеме одговор на прашањата поврзани со кадровската екипираност на студентските домови и да ја утврдиме состојбата со бројот на вработените, извршивме повеќе анализи во оваа насока. Резултатите се прикажани во табелите подолу:

Табела 10: Движење на број на вработени во ДСД за период 2019/2023

| Студентски дом | 2019 година | 2023 година | разлика 2019-2023 | % |
|---|---|---|---|---|
| ДСД Скопје | 181 | 126 | -55 | -30,4% |
| ДСД Пелагонија | 55 | 48 | -7 | -12,7% |
| ДСД Никола Карев | 25 | 22 | -3 | -12,0% |
| ДСД Кочо Рацин | 21 | 20 | -1 | -4,8% |
| ДСД Томе Стефановски Сениќ | 27 | 26 | -1 | -3,7% |
| **Вкупно** | **309** | **242** | **-67** | **-21,7%** |

Евидентно е дека бројот на вработени лица е најголем во ДСД Скопје кој е најголем дом во земјата кој во својот состав опфаќа три активни објекти и два објекти привремено затворени. Сепак забележителен е падот на бројот на вработени лица особено кај овој ДСД при што бројот на вработени е намален за 55 лица односно за 30,4%. Кај останатите домови се забележува слична тенденција на намалување на бројот на вработени лица, но истата не е изразена во толку голем обем како кај ДСД Скопје. На ниво на сите ДСД бројот на вработени лица за набљудуваниот период е намален за 67 вработени односно 21,7%.Извршивме анализа на вкупниот број на вработени во однос на вкупниот сместувачки капацитет на студентските домови:

[72] членовите 12 до 14 Правилник за нормативи и стандарди за опрема простор и кадар во студентските домови

Табела 11: Однос број на вработени/легла во 2023 година

| Студентски дом | Сместувачки капацитет | Број на вработени | Број на легла по вработен | Учество на смест. капац. на домот во вкупниот капацитет | % бројот на вработени ДСД / вкупниот број на вработени |
|---|---|---|---|---|---|
| ДСД Скопје | 1925 | 126 | 15 | 45,3% | 48,5% |
| ДСД Пелагонија | 997 | 48 | 21 | 23,4% | 18,5% |
| ДСД Никола Карев | 242 | 22 | 11 | 5,7% | 8,5% |
| ДСД Кочо Рацин | 385 | 20 | 19 | 9,1% | 7,7% |
| ДСД Томе Стефановски Сениќ | 370 | 26 | 14 | 8,7% | 10,0% |
| **Вкупно** | **4254** | **260** | 16 | **100,0%** | **100,0%** |

На ниво на сите ДСД на еден вработен просечно доаѓаат по 16 легла за студенти, додека поединечно по ДСД овој соодност е највисок во ДСД Пелагонија[73] каде се евидентирани 21 легло на едно вработено лице, додека во ДСД Никола Карев овој соодност е 11 легла на едно вработено лице. Процентот на вработени лица во голема мера го следи учеството на домот во вкупните сместувачки капацитети на ниво на сите ДСД.

Во однос на старосната структура на вработените од податоците презентирани во Прилог број 7 евидентно е дека старосната структура на вработените лица во студентските домови е неповолна. Највозрасната старосна група, над 55 години, во вкупниот број на вработени учествува со 42,8%, додека старосната група од 45 до 54 години учествува со 36,44%, односно учеството на овие две највозрасни старосни групи во вкупниот број на вработени изнесува 79,24%. На ниво на поединечни ДСД учеството на овие две групи во вкупниот број на вработени кај ниту еден ДСД не е понизок од 70%, што укажува на состојба која не е поволна во однос на потребата од ангажирање на помлад кадар кај сите ДСД.

Со анализа на пополнетоста на работните места во однос на систематизираните работи места утврдивме дека на вкупно ниво пополнетоста во студентските домови изнесува 51,53% од вкупно систематизираните работни места. По поединечни студентски домови ситуацијата драстично се разликува при што најмал процент на пополнетост на работните места е регистриран во ДСД Скопје кој сместува најголем број на студенти, во висина од 42,71%, а слична е состојбата и во ДСД Т.С Сениќ со 40,82%. Во останатите ДСД овој процент надминува 75%.

Наведените состојби доведуваат до заклучок дека бројот на вработени лица во ДСД во континуитет е во опаѓање, при што во наредниот период бројот на вработени во домовите дополнително ќе се намали поради тоа што висок процент на вработени ќе го оствари правото на пензионирање. Висината на платите во ДСД, согласно евиденцијата добиена од ДСД, е под објавениот државен просек што ги прави работните места и вработувањето во домовите неатрактивни. Раководствата на домовите не се во можност да обезбедат согласности за вработување на нови вработени, што има негативно влијание врз подобрување на состојбите во овој дел од работењето на ДСД.

[73] ДСД Пелагонија функционира во услови на целосно пополнет капацитет

### 3.3.3. Исхрана на студентите сместени во студентските домови

ДСД освен обврската да им обезбедат соодветно сместување на студентите имаат обврска на студентите кои се сместени во ДСД да им обезбедат и квалитетна и правилна исхрана[74]. Во таа насока, поблиските прописи за исхрана на студентите во студентските домови ги утврдува ресорниот министер врз основа на мислење на надлежната установа од оваа област[75]. Врз основа на оваа одредба на 26.02.2016 година усвоен е Правилникот за стандардите за исхрана и оброци на студентите сместени во студентските домови. Утврдивме дека правилникот содржи одредби во кои, најчесто табеларно, квантитативно е прикажан препорачаниот дневен внес на хранливи материи за машки и женски лица, препорачаниот дневен внес на витамини и минерали препорачани видови на храна и нејзина комбинација, а утврдено е и дека правилната исхрана се состои од три главни оброка (доручек, ручек и вечера) и два меѓуоброка[76]. Утврдивме дека освен ДСД Скопје кој нуди три главни оброка на студентите, останатите ДСД обезбедуваат само ручек и вечера притоа повикувајќи се на незаинтересираност на студентите. Почитувањето на препорачаниот дневен внес на хранливи материи и дневен внес на витамини и минерали е тешко да се утврди со оглед на тоа што утврденото мени на кујните во ДСД содржи информации за количината која треба да се приготви по студент без да се даде еквивалентна вредност во мерните единици кои се утврдени во табелите. Останатите одредби од овој правилник во однос на поделбата на хранливи материи на групи се дадени како дефиниции со долги описи за нивните својства и здравствните импликации од нивното конзумирање. Анализата покажаладека нивната практична употребливост во секојдневното работење на ДСД во делот на исхраната на студентите е минимална.

#### 3.3.3.1. Анализа на количини на основни продукти за исхрана на студентите

Во текот на 2022 година расходите за исхрана на ДСД во однос на вкупните расходи кои се искажани во финаиснските извештаи во просек учествувале со 15,4%. На ниво на поединечни домови овој процент во оваа година се движи од 4,5% до 27,3% кај ДСД Пелагонија која искажува највисок процент на учество на расходи за исхрана во вкупните расходи на домот (подетало презентирано во точка 3.3.4.4.). Во врска со ова, а со цел да се добие пореална слика за конкретните состојби поврзани со исхраната во студентските домови извршивме анализа на количините на поединi основни прехрамбени артикли кои се најзастапани во исхраната на студентите врз основа на податоци добиени од ДСД. Резултатите од оваа анализа се прикажани на:

[74] член 9 од ЗСС
[75] член 12 од ЗСС
[76] член 6, 9, 12, 26 и 27 Правилник за стандардите за исхрана и оброци на студентите сместени во студентските домови

Графикон бр. 8 Просечна количина на основни прехранбени продукти по студент за еден месец




Како што може да се види графичкиот приказ, количините на овошје по студент месечно се највисоки во ДСД Пелагонија, а останатите домови прикажуваат набавка на помалку од еден килограм месечно по студент. Во делот на зеленчук и месо, ДСД Пелагонија и ДСД Никола Карев прикажуваат високи количини на набавки по студент месечно. Наведените количини особено на месо се нереално високи и во случајот на ДСД Никола Карев Охрид можат делумно да се објаснат со тоа што овој дом во летните месеци врши туристичка дејност. ДСД немаат воспоставено материјална евиденција потребна за активностите поврзани со обезбедувањето исхрана на студентите, како и цена која ќе се наплатува.

Анкетата која ја спроведовме меѓу студентите кои се сместени во студентските домови содржеше и прашање за тоа колку студентите се задоволни од исхраната во домовите. Притоа од вкупно 286 студенти кои одговорија на испратениот анкетен прашалник 75,9% на ова прашање дадоа неповолна оцена од 1 до 3 додека 24,1% одговорија со оцена 4 или 5. Средната оцена на сите анкетирани студенти е m=2,64 што укажува на незадоволство на студентите во поглед на квалитетот, разновидноста и количината на исхраната во студентските домови.
Редовни контроли на исполнетоста на нормативите кои се наведени во Правилникот за стандардите за исхрана и оброци на студентите сместени во студентските домови, вршат инспектори од АХВ. Резултатите од овие контроли варираат кај различни студентски домови меѓутоа согласно записниците кои ни беа дадени на увид е констатиран суфицит/дефицит на поедини прехрамбени артикли и хранливи материи зависно од временскиот период на извршена контролата, што се образложи со сезонскиот карактер на поедини артикли за исхрана.

### 3.3.3.2. Анализа на цените на поедини прехранбени артикли

Имајќи го во предвид актуелниот економски момент карактеризиран со раст на инфлација, раководствата на домовите се соочуваат со проблемот на секојдневен

пораст на цените на прехранбените производи кои се неопходни за приготвување на храна за студентите во рамките на студентските домови. Квантитетот и квалитетот на исхраната на студентите сместени во студентските домови во голема мера зависи и од цените на овие производи поради што извршивме и анализа на цените кои за основаните прехранбени производи ги оствариле домовите преку постапките за јавни набавки кои се спроведени. Резултатите од овие анализи се прикажани на:

Табела 12: Цена на овошје и зеленчук за 1кг

во денари

| | Банани | Грав | Зелка | Јаболка | Компири | Ориз |
|---|---|---|---|---|---|---|
| ДСД Скопје | 70,0 | 149,3 | 41,5 | 37,9 | 36,5 | 75,7 |
| ДСД Пелагонија | 79,9 | 191,7 | 47,5 | 57,3 | 44,4 | 83,9 |
| ДСД Т.С.Сениќ | 46,2 | 81,7 | 18,0 | 16,6 | 23,5 | 40,9 |
| ДСД Никола Карев | 50,7 | 96,4 | 18,6 | 24,6 | 23,1 | 49,3 |
| ДСД Кочо Рацин | 42,3 | 61,3 | 17,6 | 17,5 | 17,6 | 45,9 |

Во оваа група на производи забележителни се значајни варијации во цените кои поедини ДСД ги имаат обезбедено за набавените артикли преку спроведените постапки за ЈН. Имено разликите во цените кај анализираните ДСД кај набавеното овошја и зеленчук надминуваат два пати за разни артикли. Притоа најекономични цени има остварено ДСД Кочо Рацин – Битола.

Табела 13: Цена на основни прехранбени производи за 1кг/1л

во денари

| | Зејтин | Јајца | Кашкавал | Леб | Млеко | Сирење |
|---|---|---|---|---|---|---|
| ДСД Скопје | 161.9 | 9.0 | 329.0 | 87.9 | 54.0 | 209.0 |
| ДСД Пелагонија | 139.9 | 6.2 | 377.4 | 70.6 | 59.0 | 294.8 |
| ДСД Т.С. Сениќ | 92.0 | 7.1 | 289.0 | 32.7 | 45.2 | 323.3 |
| ДСД Никола Карев | 102.5 | 6.1 | 291.7 | 49.2 | 41.2 | 249.0 |
| ДСД Кочо Рацин | 70.8 | 5.4 | 303.0 | 19.8 | 43.1 | 202.9 |

Варијациите на цените постојат и кај оваа група на производи но не се од обем кој е карактеристичен за претходната група на производи. Најголеми се разликите кај набавеното масло за јадење. Во врска со цените на лебот варијациите на цените се јавуваат како резултат на разлики во начинот на кој овој артикл е тендериран во постапките за ЈН, односно некои ДСД го набавуваат на парче, а некои во килограми, а кај дел од ДСД постигнатата цена ја надминува пазарната цена[77]. Кај останатите артикли разликите во цени меѓу поедини ДСД не надминуваат 50%, при што најекономични цени има постигнато ДСД Кочо Рацин.

[77] Преглед на цени на земјоделски производи - Земјоделски пазарен информативен систем, Министерство за земјоделство, шумарство и водостопанство

Табела 14: Цена на месо и риба производи за 1кг

во денари

| | Јунешко месо | Пилешко месо | Плескавица (мелено месо) | Риба ослиќ |
|---|---|---|---|---|
| ДСД Скопје | 403.9 | 324.2 | 444.9 | 244.8 |
| ДСД Пелагонија | 581.4 | 215.8 | 341.2 | 169.8 |
| ДСД Т.С. Сениќ | 422.6 | 142.7 | 255.5 | 154.1 |
| ДСД Никола Карев | 343.1 | 123.0 | 169.3 | 124.6 |
| ДСД Кочо Рацин | 284.3 | 123.2 | 183.2 | 120.6 |

Во врска со постигнатите цени за месо и риба, состојбата е слична со претходно анализираните артикли со варијации во цени помеѓу поединечните ДСД. Набавки кои што имаат најниска цена во овој дел имаат спроведено ДСД Никола Карев и ДСД Кочо Рацин но е евидентно дека кај останатите домови дел од постигнатите цени се со високи. Причината за оваа состојба се пораст на цените во текот на целата анализирана 2022 година поради што ДСД кои ЈН за храна ја спровеле кон крајот на годината се нашле во понеповолна состојба во однос на ДСД кои постапката за ЈН ја спровеле претходно. Дополнително од страна на дел од раководните лица во ДСД добиена е информација за монополско/олигополско организирање на трговците со храна што доведува до намален интерес за учество во постапките за ЈН и влијае на можност од намалување на цените во постапката за ЈН, додека самите ДСД во тендерските документации за спроведените постапки за ЈН немаат вклучено ограничување за највисока цена на прехранбени артикли кои се подготвени да ја платат иако оваа можност постои согласно ЗЈН.

Наведеното доведува до заклучок за неекономично работење од страна на ДСД кое ја потврдува и онлајн анкетата со која управувањето на студентските домови е оценето како лошо или потпросечно, поради што нагласуваме дека постои простор за обезбедување поекономични цени во врска со расходите за исхрана кои ги прават ДСД и кои претставуваат еден од најголемите издатоци на домовите.

### 3.3.4. Финансирање на државните студентски домови

Финансирањето на ДСД се обезбедува од Буџетот на Република Северна Македонија преку Буџетот на МОН[78] како дел од Програмата, како и од корисниците на услугите, односно од партиципацијата на студентите. Дополнително, ДСД се финансираат и од продажба на производи и услуги, од вршење на дополнителна дејност, како и од донации, легати и други извори.

Висината на цената за сместување и исхрана во ДСД се утврдува со Програмата, а се утврдува врз основа на реалните трошоци согласно со нормативи и стандарди за овој вид услуги, кој ги утврдува министерот за образование и наука, по предлог на стручна комисија[79]. Вкупната цена за сместување и исхрана во ДСД која ја плаќаат студентите и МОН или само МОН (во зависност дали студентот е ослободен од

[78] член 32 од ЗСС
[79] двајца претставници на АХВ, двајца претставници од МОН и еден претставник од Комората на инженери и архитекти на Северна Македонија

плаќање партиципација) изнесува 6.820 денари месечно, за 10 месеци во годината и истата заклучно со 2023 година не е променета од 2008 година.

Притоа МОН за студентите кои се сместени во ДСД партиципира во цената за сместување и исхрана до 50% од утврдената цена, односно по 3.410 денари, а разликата до вкупната цена ја доплаќа студентот. МОН целосно ја плаќа цената за сместување и исхрана во износ од 6.820 денари за студенти кои се сместени во студентските домови и тоа за:

- деца: без родители и родителска грижа, со посебни потреби, на невработени родители, самохрани родители, корисници на социјална помош и постојана парична помош и корисници на надоместок по основ на престанок на работен однос од деловни причини, за кои вкупните приходи во семејството се до нето минималната плата утврдена во Република Северна Македонија. Бројот на овие студенти е најмногу до 40% од вкупниот број на расположливи места во студентските домови;
- студентите согласно CEEPUS програма, МОН ги покрива трошоците за сместување и исхрана во студентски домови за времето на престој;
- за студенти со македонско потекло кои живеат во државите на Балканскиот полуостров;
- студенти од странство кои се од интерес на државата, трошоци за сместување и исхрана во студентски дом во месечен износ од 8.620 денари по студент, како и за изучување на јазик, трошоци за дозвола за престој, примарно здравствено осигурување и повратен авионски билет, како и деца на бранителите.

Утврдивме дека ДСД со одлуки на Управниот одбор имаат формирано цени за сместување на студентите повисоки од утврдената цена кои варираат од 3.445 денари до 5.000 денари месечно, кои се повисоки од утврдената цена за сместување и исхрана, без можност ДСД да влијае на промена на цената и им се наплаќа износ повисок од утврдените 3.410 денари месечно каде државата партиципира за студентите. При прием на студентите, ДСД еднократно наплатуваат надоместок во зависност од студентскиот дом се движи од 300 денари до 1800 денари за административни трошоци, културно - забавен и спортски живот, а во некои ДСД и надомест за тековно одржување и амортизација и за студентска платежна картичка.

### 3.3.4.1. Учество на МОН во финансирањето на студентските домови

Во текот на 2022 година на име партиципација на средства за сместување и исхрана од страна на МОН до ДСД трансферирани се средства во вкупен износ од 204.497 илјади денари што претставува 14,63% од вкупно трансферираните средства согласно Програмата кои за 2022 година изнесуваат вкупно 1.397.455 илјади денари. Трансферираните средства на име сместување и исхрана со мала флуктуација се константни низ годините имајќи ги во предвид промените во сместувачките капацитети на студентските домови и флуктуацијата на бројот на сместени студенти во услови на КОВИД кризата, како и долго време непроменетиот износ на средства кои ги плаќа МОН за партиципација на средства за сместување и исхрана. Учеството на реализираните средства за сместување и исхрана е прикажано на:

Графикон бр. 9: Учество на трансферирани средства за сместување и исхрана до ДСД во однос на реализираните средства на име студентски стандард за период 2019 - 2023




Процентуалното учество на расходите за сместување и исхрана во вкупните расходи за унапредување и развој на студентскиот стандард во периодот 2019-2022 година се намалува од 28,25% за 2019 година на 14,63% во 2022 година кое поединечно по студентски домови е презентирано во Прилог број 8 кон овој извештај, што се должи на усвојувањето на Законот за студентски оброк во 2021 година со кој е зголемен износот на средства по Програмата.

### 3.3.4.2. Дополнително финансирање на студентските домови од страна на МОН

МОН врз основа на Одлука на Влада може да додели средства на ДСД за дополнителни трошоци за тековно работење[80], доколку настанат непредвидливи ситуации кои ги зголемиле трошоците, а не можеле да се планираат во нивните буџети, по поднесено писмено барање со образложение од ДСД до МОН по добиена претходна согласност од МФ. Врз основа на оваа одредба од законот во периодот од 2019 до 2022 година МОН до поединечните ДСД исплатил вкупен износ од 403.853 илјади денари и тоа за:

- трошоци за тековно работење (греење, електрична енергија, потрошена вода и други трошоци) во износ од 299.662 илјади денари и
- плати на вработените за периодот на траење на вонредните околности (утврдено постоење на кризна состојба, прогласена епидемија, односно пандемија, пожари, поплави или други големи природни непогоди) во износ од 104.191 илјади денари.

Имајќи ги предвид вкупно реализираните средства на ДСД, кои за четири годишен период изнесуваат 1.348.601 илјади денари, дополнително исплатените средства во овој период, учествувале со 29,9% во вкупниот износ.

[80] член 33 од ЗСС

Графикон бр. 10: Учество на дополнителни средства кои се трансферирани до ДСД за период 2019-2022 година:




Со извршена анализа на законските прописи кои го уредуваат ова прашање, утврдивме дека и покрај тоа што дополнителниот трансфер на средства е уреден со ЗСС, но не е уредено донесување на методологија со која ќе се предвидат критериумите за пропорционална распределба на овие дополнителни средства по студентски дом како и максималниот износ кој може да се исплати во текот на една година. Трансферирањето на средства без утврдени критериуми создава ризик од можноста за фаворизирање на поедини студентски домови а што доведува до нерамномерен развој на истите. Извршивме анализата на трансферирани средства за трошоци за тековно работење на ДСД кои се прикажани во следната табела.

Табела 15: Трансферирани средства од МОН до ДСД за дополнително финансирање за трошоци за тековно работење за период од 2019 - 2022 година

во 000 денари

| Државен студентски дом | Дополнителни средства | Сместувачки капацитети | % на учество во вкупно доделените средства | % на учество во вкупните сместувачки капацитети | Пресметан и средства согласно учеството | Разлика (-помалку +повеќе) |
|---|---|---|---|---|---|---|
| 1 | 2 | 3 | 4 | 5 | 6=3*5 | 7=6-2 |
| ДСД Доне Божинов – Пробишт | 455.800 | - | 0,11% | - | - | 455.800 |
| ДСД Браќа Миладиновци - Штип | 10.176.417 | 236 | 2,52% | 4,74% | 19.138.418 | -8.962.001 |
| ДСД Кочо Рацин - Битола | 8.989.487 | 385 | 2,23% | 7,73% | 31.221.572 | -22.232.085 |
| ДСД Орде Чопела - Прилеп | 6.363.757 | 335 | 1,58% | 6,73% | 27.166.823 | -20.803.066 |
| ДСД Никола Карев - Охрид | 11.045.367 | 242 | 2,73% | 4,86% | 19.624.988 | -8.579.621 |
| ДСД Пелагонија - Скопје | 40.085.515 | 997 | 9,93% | 20,02% | 80.851.708 | -40.766.193 |
| ДСД Скопје - Скопје | 284.635.420 | 2415 | 70,48% | 48,49% | 195.844.409 | 88.791.011 |
| ДСД Томе Стефановски - Сениќ - Скопје | 42.101.304 | 370 | 10,42% | 7,43% | 30.005.148 | 12.096.156 |
| **Вкупно:** | **403.853.067** | **4.980** | **100%** | **100%** | - | - |

Утврдивме дека со употреба на сместувачкиот капацитет како критериуми за распределба на средствата за дополнително финансирање не се врши рамноправна распределба на средствата по студентски домови. Имено најголем дел од вкупно трансферираните средства по овој основ се однесуваат на ДСД Скопје кој учествува со 48,5% од вкупните сместувачки капацитети на ДСД, односно реализирани се исплати од 70,48% од вкупно исплатените средства, додека за останатите студентски домови кои заедно учествуваат со 51,5% од сместувачките капацитети реализирани се исплати од 29,52%.

Притоа овие средства во најголема мера биле искористени за исплата на заостанати обврски на домовите и исплата на плати на вработените што упатува на заклучок дека со средствата кои се предвидени за финансирање од редовни извори не се доволни за покривање на сите расходи кои истите ги имаат.

### 3.3.4.3. Анализа на финансиските извештаи на ДСД за периодот 2019-2022 година

Во врска со расходите направени од страна на ДСД за тековно функционирање, извршивме анализа на расходите врз основа на податоците добиени од финансиските извештаи на домовите за период 2019-2022 година кои се прикажани подолу:

Графикон 11: Вкупни расходи на ДСД и нивното движење за период 2019-2022 година




Од резултатите со извршената анализата на вкупните расходи на сите ДСД за период 2019-2022 година се забележува опаѓање на вкупните расходи од 23,5%. Ова намалување се должи на влијанието на Ковид кризата што доведе до организирање на он-лајн настава на универзитетите и намалување на бројот на сместени студенти во домовите. Затворањето на ДСД Кузман Јосифовски Питу поради несоодветни услови за престој и подготовките за реконструкција, како и значителното намалување на дополнителните средства за ДСД во текот на 2022 година исто така

имаат за ефект намалување на расходите во оваа година. Учество на расходите на ДСД во вкупните расходи е прикажано на следниот[81]:

Графикон 12: Процентуално учество на ДСД во вкупните расходи за 2022 година




Со извршена анализа утврдивме дека во вкупните расходи на ДСД најголемо е учеството на студентските домови кои функционираат на подрачјето на град Скопје (ДСД Скопје, ДСД Пелагонија и ДСД Томе Стефановски - Сениќ) чие учество во вкупните расходи за 2022 година изнесува 75,7% односно 228.767 илјади денари. Овој процент е нешто понизок во однос на процентот на сместени студенти во овие три домови, споредено со вкупниот број на сместени студенти во сите ДСД кој изнесува 82%. Високиот процент на расходи и на сместени студенти во студентските домови на подрачјето на Град Скопје се должи на големиот број на високото образовни установи лоцирани на поширокото подрачје на Град Скопје и големиот број на запишани студенти што не претставува фаворизирање на овие три студентски домови.

### 3.3.4.4. Структура на расходите по ДСД

Средствата со кои располагаат ДСД се наменети за сместување и исхрана на студентите – станари за 10 месеци во годината, плати на вработените во студентските домови за 12 месеци како и комунални расходи и расходи за одржување и непречено функционирање на студентските домови во текот на целата година. Со анализа на структурата на расходите ги опфативме ДСД со најголем капацитет и број на сместени студенти на студентските домови за 2022 година и највисок износ на расходи. Притоа ги групиравме според расходи за плати на

[81] Во групата Останати спаѓаат ДСД Орде Чопела и ДСД Браќа Миладиновци во кој во вкупниот број на сместени лице доминантно е учеството на ученици (10% и 24% студенти соодветно)

вработените во домовите, комунални расходи (електрична енергија, греење, вода и слични режиски трошоци), расходи за исхрана за студентите, расходи за одржување на студентскиот дом (поправки и слични услуги) како и останати расходи. Резултатите од оваа анализа ги прикажуваме на следниот:

Графикон 13 – Учество на поедини расходи во вкупните расходи на ДСД за 2022 година




Со извршената анализа утврдивме:

- кај сите студентски домови највисоко е учеството на платите на вработените во домовите и тоа на ниво на сите домови во висина од 41,5% од вкупните расходи, при што на ниво на поединечни студентски домови овој процент варира од 37,5% кај ДСД Скопје до 62,9% кај ДСД Томе Стефановски Сениќ;
- комуналните расходи учествуваат со 27,6% на ниво на сите анализирани домови, односно овој процент варира од 34,3% кај ДСД Скопје до 10,9% кај ДСД Томе Стефановски Сениќ.
- расходите за исхрана на студентите учествуваат со 15,4% од вкупните расходи што е релативно низок процент во однос на значењето кое го има исхраната на студентите во секојдневното функционирање на домовите и истите се неколкукратно пониски од расходите за плати и комунални услуги и
- за сметка на првите три групи на расходи, учеството на расходите за одржување се 7,6% и останати расходи 7,9% е незначително во однос на вкупните расходи.

Утврдивме дека кај анализираните ДСД[82] трендот на движењето на значајните расходи е евидентно опаѓање кај секој дом, особено е значајно намалување на

[82] ДСД Скопје, ДСД Томе Стефановски – Сениќ, ДСД Пелагонија, ДСД Никола Карев – Охрид и ДСД Кочо Рацин – Битола

расходите за исхрана што произлегува од намалување на бројот на сместени студенти и помалку реализираните приходи по тој основ. Меѓутоа порастот на расходите за комунални услуги што се должи на зголемувањето на цените на електричната и топлинската енергија доведува до влошување на финансиската состојба на домовите и неможноста за реализација на тековните активности како и плаќање на доспеаните обврски. Анализата и утврдените состојби за движење на расходите по ДСД се дадени во Прилог број 9 кон овој извештај.

### 3.3.5. Процена на економска цена за сместување и исхрана на студентите во ДСД

#### 3.3.5.1. Цена за сместување и исхрана на студентите во ДСД

Согласно на ЗСС[83], цената за сместување и исхрана во ДСД се утврдува врз основа на реалните трошоци согласно со нормативи и стандарди за овој вид услуги. Економската цена за сместување и исхрана треба редовно периодично да се ревидира и да биде одраз на тековните цени и трошоци, за да се обезбеди ДСД да функционираат и да им пружат на студентите задоволителен студентски стандард.
ДСД согласно законот можат да се финансираат и со вршење на дополнителна дејност меѓутоа приходите кои се обезбедуваат по овој основ се занемарливи. Главен извор на финансирање се дотациите од буџетот на МОН за партиципација за сместување и исхрана, но имајќи во предвид дека голем дел од студентите се во категории кои се целосно ослободени од плаќање МОН целосно го покрива нивното сместување. МОН може да додели средства на ДСД за тековно работење, доколку настанат непредвидливи ситуации кои ги зголемиле трошоците (врска точка 3.3.4.2).

#### 3.3.5.2. Анализа и процена на економската цена за сместување и исхрана

Анализата и процената на економска цена за сместување и исхрана на студентите во ДСД е направена од страна на надворешен соработник од областа на економските науки во соработка со ревизорскиот тим на Државниот завод за ревизија.
Економската цена за сместување и исхрана на студентите како вредносен израз на расходите за оперативното работење на студентските домови по студент на месечно ниво ги опфаќаат трошоците за сместување. Дел од овие трошоци имаат варијабилен карактер, како што се трошоците за електрична енергија, вода, поправки и тековно одржување како и трошоците за исхрана на студентите. Други расходи како што се бруто платите на вработените, одржување на софтвер и сл. имаат фиксен карактер и остануваат исти независно од бројот на сместени студенти. ДСД за покривање на оперативните расходи на работењето добиваат износ пресметан по студент на месечно ниво за период од 10 месеци, меѓутоа домовите овој износ го прераспределуваат за покривање на расходите за период од 12 месеци од годината. Ваквиот начин на утврдување на цената без да се предвиди покривање на режиските и останати трошоци за периодот јули и август кога не се сместени студенти не обезбедува доволно средства ДСД да се обезбеди потребниот

[83] член 32 ЗСС („Службен весник на Република Македонија“ бр. 15/2013, 30/2013, 120/2013, 41/2014, 146/2015, 30/2016, 178/2016, 64/2018 и 20/2019 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ бр. 124/2019, 248/2020, 302/2020 )

стандард на живеење во домовите. ДСД веќе 15 години добиваат ист износ на партиципација, но трошоците за нивно функционирање секоја година растат. Особено во последните две години кои се карактеристични со високата инфлација поради што ДСД бараат дополнителни средства од МОН за покривање на режиските трошоци. Во услови на непроменет износ на партиципација истиот најмногу се одразува на економизирање на трошењето за исхрана на студентите, а со тоа и на пад на студентскиот стандард. Дополнителен проблем кај трошоците за храна се неповолните високи цени за набавка на некои основни прехранбени производи (пр. месото) кои сите ДСД ги постигнуваат со ЈН. Движењето на инфлацијата во периодот од јануари 2008 година до јуни 2023 година е прикажана [84] на:

Графикон 14: Инфлација на годишно ниво по месеци, во %[85]




После светската финансиска криза од 2008 година постои дефлацијата се до почетокот на 2009 година од кога стапката на инфлација е стабилна на месечно ниво со мали отстапувања до 5% во два наврати. Но, во последните две години, постои висок раст на инфлацијата која во октомври 2022 година достигна 19,78%. После тоа следи тренд на опаѓање кој се очекува да се стабилизира дури во 2025/2026 година на стабилни 2% кои се таргет на Народна Банка на Република Северна Македонија.

Оваа анализа е извршена согласно Индекси на трошоците на животот според класификација COICOP[86]. Методологијата за пресметка е димензионирана да ги покаже движењата на трошоците на живот на семејствата и се однесува на целата територија на државата. Во оперативното работење на студентските домови не се алоцираат сите ставки кои се вклучени во оваа калкулација на индексот на трошоците за живот и исто така нивното релативно учество не е исто.

Од тие причини направена е детална анализа на фактички реализираните трошоците на работењето на одделните студентските домови за 2022 година, со примена на одредени претпоставки за идното движење на цените и трошоците ќе ја утврдиме економската цена на чинење на сместувањето на студентите, како

[84] Инфлацијата е пресметана како индекс на трошоците на животот според класификација COICOP, по месеци, како тековен месец/ист месец претходната година.
[85] Извор: ДЗС
[86] Класификацијата на индивидуалната потрошувачка по намена, скратено како COICOP, ги класифицира и анализира индивидуалните потрошувачки расходи направени од домаќинствата, според нивната намена. Вклучува категории како што се облека и обувки, домување, вода, електрична енергија и гас и други горива.

потребен износ на средства за остварување на нормално ниво на студентски стандард во однос на сместувањето и исхраната во ДСД. Во анализата се земени најновите цени на режиските трошоци, како и за исхрана.

#### 3.3.5.3. Сценарија за проценка на економската цена

Процената на економската цена за сместување и исхрана по студент во учебната 2023/2024 година е направена за седум избрани ДСД. Појдовната основа се базира на фактички реализираните трошоци на оперативното работење по студент во 2022 година бидејќи е последна фискална година и повеќето ДСД работеле со целосен капацитет после Ковид кризата. Проекцијата на економската цена за сместување и исхрана е направена од страна на надворешно стручно лице експерт од областа на студентскиот стандард и економски анализи, во две сценарија:

**Првото сценарио е сценарио за „задржување на постојниот студентски стандард“** во кое се претпоставува дека нема да има никаква промена во квантитетот и квалитетот на оброците и дека ќе се задржи постојниот стандард во поглед на исхраната на студентите. Во ова сценарио, трошоците за храна се проектирани така што постојните фактички реализирани трошоци за храна се коригираат само со очекуваната стапка на инфлација. Доколку не се обезбедат овие средства или поголеми средства, раководството на ДСД би било принудено и понатаму да врши економизирање и се очекува и понатаму да се намалува и така слабиот стандард во поглед на исхраната на студентите.

**Второто сценарио е сценарио за „подобрување на постојниот студентски стандард“** каде се воведува претпоставка за норматив за студентски оброк на ден од 300 денари кој би ги задоволувал минималните критериуми за квантитет и квалитет на исхраната на студентите со димензионирање на оброците за 70% од сместените студенти. За да се утврди реалната цена на чинење на студентскиот оброк пресметани се нормативни трошоци за исхрана на ДСД разработени по добиениот норматив од Институтот за јавно здравје, на кој се додадени останатите оперативни трошоци и данокот на додадена вредност. Оваа цена за 2022 година изнесува 265 денари по студент на ден и исто така е коригирана за очекуваната стапка на инфлација од 13%, при што просечна цена на студентски оброк за учебната 2023/2024 година се проценува на износ од 300 денари по студент на ден.

Појдовна основа за процена на економската цена за сместување и исхрана на студентите за учебната 2023/2024 година преставува фактички реализираниот трошок по студент за сте домови во 2022 година врз основа на податоци од завршните сметки на домовите коригиран со дадени претпоставки за идното движење на трошоците кој изнесува 8.924 денари месечно, за период од 10 месеци.

Проценетата економска цена на чинење на ДСД во учебната 2023/2024 година кај:

- првото сценариото, под претпоставка студентскиот стандард во поглед на исхраната да остане како досега **изнесува 10.084 денари** .
- второто сценарио каде се претпоставува зголемување на квалитетот на квантитетот на исхраната **изнесува 14.680 денари** .

Табела 16: Проценета економска цена за сместување и исхрана по студент во ДСД

| Државен студентски дом | Реализиран месечен трошок по студент во 2022 | Проценета економска цена на чинење по студент во учебната 2023/2024 (Сценарио 1) | Проценета економска цена на чинење по студент во учебната 2023/2024 (Сценарио 2) |
|---|---|---|---|
| ДСД Гоце Делчев - Скопје | 8.636 | 9.759 | 14.686 |
| ДСД Стив Наумов зграда 3 - Скопје | 7.904 | 8.931 | 13.858 |
| ДСД Стив Наумов - Бараки - Скопје | 10.288 | 11.626 | 16.553 |
| ДСД Кузман Јосифовски Питу - Скопје | 6.594 | 7.451 | 12.959 |
| ДСД Пелагонија - Скопје | 10.792 | 12.195 | 15.284 |
| ДСД Кочо Рацин - Битола | 9.981 | 11.278 | 15.828 |
| ДСД Никола Карев - Охрид | 11.709 | 13.231 | 18.192 |
| **Просечен трошок во 2022 и проценета просечна економска цена за сместување и исхрана на студентите во ДСД во 2023/2024** | **8.924** | **10.084** | **14.680** |

Од извршената проценка на економската цена произлегува дека утврдената висина на партиципацијата за сместување и исхрана на студентите во ДСД која е определена со Програмата на износ од 6.820 денари не е доволна за непречено финансиско работење на домовите и исплата на тековно оперативни обврски, што се одразува на економизирање на трошењето за исхрана на студентите.

Со цел да ги утврдиме ефектите од утврдената висина на партиципацијата врз финансиското работење на домовите извршивме анализа на движењето на обврските кои се искажани во финансиската евиденција на домовите за периодот 2019-2022 година како и процентот на учество на обврските во вкупните расходи на домовите. Резултатите од анализите се прикажани на:

Графикон 15: Учество на обврските во вкупните расходи на ДСД 2019-2022



Од анализата произлегува дека за времетраењето на Ковид кризата обврските кај сите студентски домови имале тенденција на опаѓање поради намален број на сместени студенти во домовите и исплатата на дополнителни средства од страна на МОН со цел да се ублажат ефектите од кризата врз работењето со исплата на заостанатите обврски на домовите поради што во периодот 2019 - 2021 година висината на обврските покажува опаѓање. Трендот на намалување на обврските е прекинат во текот на 2022 година кога домовите започнуваат да работат со полн капацитет, а МОН значително ја намалило исплатата на дополнителните средства[87]. Покачување на цената на енергенсите кои се голема ставка во вкупните расходи на домовите, но и поскапувањето на цените на прехранбените производи исто така влијаело кај сите анализирани ДСД да се зголемат обврските дури и кај ДСД Кочо Рацин – Битола кој во претходните години има минимална висина на неплатени обврски. Притоа заклучно со 2022 година ДСД Скопје има прикажано највисоко ниво на обврски од 109.779 илјади денари кои во вкупните расходи имаат учество од 73,3% и укажува на неможноста за навремено сервисирање на обврските.

Анализите и проценките на економската цена за сместување и исхрана на студентите во студентските домови беа извршени со единствена цел да се оцени нивото на финансиска одржливост на домовите, односно можноста ДСД да обезбеди непречено функционирање во текот на целата година.

Согласно презентираните анализи износот за партиципацијата за сместување и исхрана кој МОН го трансферира и е главен извор на приходи на ДСД, со оглед на тоа што е во висина која е определена со Програмата од 2008 година е пренизок и истиот не обезбедува задоволително ниво на финансиска самоодржливост на домовите.

Ова предизвикува голем број на последици по работењето на домовите како што се неможност за навремено плаќање на доспеаните обврски кон добавувачите, неможност за навремено и целосно одржување на домовите и обнова на инвентарот, намалување на квалитетот на услугите кои ги добиваат студентите во домовите што негативно влијае врз квалитетот на живеењето во студентските домови и на студентскиот стандард во целина.

### 3.3.6. Преземени активности за зголемување на капацитетите и подобрување на условите за сместување во студентските домови

Имајќи ја во предвид утврдената состојба во која се наоѓаат студентските домови, како и неможноста на раководството на домовите од сопствени извори да обезбедат потребните средства за подобрување на условите за сместување, обврска на Владата како основач да обезбеди извори на средства за реконструкции на ДСД како и да инвестира во изградби на нови објекти за проширување на капацитетот. Во врска со ова, во изминатите години, со средства обезбедени од МОН, е во завршна фаза изградбата на нов ДСД за потребите на Државниот универзитет во Тетово и извршена е реконструкција на ДСД Гоце Делчев кој е во склоп на ДСД Скопје. Исто

[87] Висината на средствата кои МОН ги има исплатено кон ДСД како дополнително финансирање е прикажано во точка 3.1 од овој извештај во делот Дополнително финансирање на студентските домови од страна на МОН

така во рамките на МОН функционира и Проектна единица за Проектот за енергетски ефикасна рехабилитација на студентските домови во Република Северна Македонија која е формирана во јули 2021 година. Со овој проект се предвидува да се изврши енергетски ефикасна рехабилитација на студентските домови, односно зголемување на комфорот и подобрување на условите за живот на студентите, опремување на соби за студенти со посебни потреби, промена на водоводна инсталација во домовите и отстранување на причините за појава на влага во објектите, изработка на енергетски ефикасни фасади на објектите, поставување на фотоволтаици за производство на електрична енергија и сл.

### 3.3.7. Зголемување на сместувачките капацитети преку изградба на нови студентски домови

Согласно податоци обезбедени со ревизијата, Владата во 2015 година, најавила изградба на 3 студентски домови и тоа два во Скопје и еден во Тетово, односно изградба на студентскиот дом „Невена Георгиева-Дуња“ (т.н. “Медицинар”), изградба на нов студентски дом на локација во близина на Спортскиот центар „Борис Трајковски“ и изградба на нов студентски дом во Тетово. Во врска со оваа активност ја утврдивме следната состојба:

- според плановите објектот на новиот студентскиот дом „Невена Георгиева-Дуња“ треба да се гради на површина од 1.200 м$^2$ со 4 ката и спортска сала со капацитет за сместување на 350 до 400 студенти. Објектот е вцртан во ДУП и сеуште е дел од истиот во 2023 година. Во 2014 година изработен е Основен проект за нов објект, за што се исплатени средства во износ од 6.372 илјади денари, а во 2016 година склучен е договор за изградба[88] во вредност од 203.432 илјади денари. Меѓутоа заклучно со 2023 година фактичката реализација до моментот на ревизијата не е започната. Имено, на ден 21.03.2020 година службите при градот Скопје ги урнале постоечките бараки од домот, за потребите на Министерството за здравство и изградба на модуларна болница поради познатите околности поврзани со пандемијата на КОВИД 19. Иако во меѓувреме состојбата на локацијата е нормализирана, на ревизијата не и беше доставена одлука од основачот за тековниот статус на студентскиот дом “Невена Георгиева Дуња” и особено во врска со правниот статус на склучениот важечки договор за изградба на нов студентски дом, како и планови за овој сместувачки капацитет во иднина;
- вториот студентски дом во Скопје, планирано е да биде изграден во близина на Спортскиот центар „Борис Трајковски“ со капацитетот меѓу 400 и 500 легла. Во тој период се започнати процедуралните работи за почеток на овој проект, односно вцртување на истиот во Детален урбанистички план. За таа цел во текот на 2016 година врз основа на член 50 став 2 од Законот за просторно и урбанистичко планирање[89] Владата донела одлука со која како градба од посебен интерес предвидува изградба во рамки на 2 парцели во сопственост на

[88] Договор за изградба на студентски дом бр. 19-4433/36 од 22.09.2016 година
[89] „Службен весник на Република Македонија“ број 199/14, 44/15, 193/15 и 31/16

Република Македонија[90], преку изработка на урбанистичко планска документација за градби од посебен интерес. Напоредно со погоре наведените активности со Програма за работа на Владата 2017 - 2020 во делот на унапредување и развој на студентскиот стандард, Владата презема обврска да започне со изградба на студентски град во Скопје, со комплетно нови модерни архитектонски и хортикултурни решенија, како и функционални содржини: спортски сали, читални, библиотеки, ресторани, кино-сали и фитнес-центри. Дополнително, Владата предвидува и изградба на нова студентска зграда во Автокоманда со преку 700 легла преку јавно-приватно партнерство. Заклучно со 2023 година воопшто не се преземени активности за реализација на овие планови;

- постапката за изградба на студентски дом во комплексот на Државниот универзитет во Тетово, е започната во текот на 2016 година врз основа на склучен договор за изградба[91] склучен во 2016 година, кој во 2020 година е дополнет со договор за непредвидени работи[92] во вкупна вредност 175.086 илјади денари. Во текот на 2023 година спроведена е постапка за опремување на истиот за што склучени се 3 договори[93] за набавка, испорака и монтажа на опрема во вкупна вредност од 43.655 илјади денари. Во месец август 2023 година, Владата, донела Одлука[94] за основање на ДСД „Тетово" со која е констатирано дека студентскиот дом ги исполнува нормативите и стандардите за опрема, простор и кадар, а со истата утврден е сместувачкиот капацитет и формирана е комисија која треба да изврши подготовка за домот да започне со работа. Заклучно со месец септември 2023 година студентски дом има усвоен и одобрен статут, формиран е управен одбор, но постапката за избор на директор, изработката на систематизација и вработувањето на кадар сеуште е во тек. За објектот до денот на вршење на ревизијата сеуште не е изготвен записник за извршен технички прием, записник за примопредавање и истиот не е впишан во Централниот Регистар. Дополнително согласно ЗСС и Правилникот за начинот на верификација на студентскиот дом, формирана е комисија која до крајот на месец септември 2023 година сеуште нема изготвено писмен извештај за исполнување на условите со предлог за верификација, врз основа на кој МОН треба да донесе решение за верификација, кое требало да биде донесено најдоцна до 31 август во тековната за наредната учебна година и доставено до домот, основачот и ДЗС. Така верифициран студентскиот дом треба да биде запишан во Регистарот на студентски домови кој го води МОН согласно ЗСС. Ревизијата нагласува дека предметниот студентски дом е предвиден како расположив капацитет за сместување во објавениот конкурс за прием на

[90] дел од КП 514/1, запишана на ИЛ бр.42705 за КО Карпош и на КП 518/1, запишана на ИЛ бр. 5014 за КО Карпош
[91] Договор за изградба на студентски дом бр. 19-4433/37 од 22.09.2016 година – вредност 166.582 илјади денари
[92] Договор за непредвидени работи при реализација на основниот договор бр. 10-5111/11 од 13.07.2020 година – вредност на договор 8.504 илјади денари
[93] Договор бр.10-128/10 од 20.01.2023 година за набавка на кревети, столици, маси, ормари и метални полици, во износ од 28.093.662 денари
[16] Договор бр. 10-128/18 од 14.02.2023 година за набавка на професионални машини за кујна, ладилници и машини за перење во износ од 6.127.032 денари и
[16] Договор бр.10-4204/10 од 01.06.2023 година за набавка на душеци, опрема за бања и зебра завеси во износ од 9.434.041 денари
[94] Одлука за основање на ДСД „Тетово" во Тетово (Службен весник на РСМ бр. 181 од 25.08.2023 година

студенти запишани на додипломски студии во државните и приватните студентски домови во Република Северна Македонија за тековната студиската 2023/2024 година, иако не постоеле законски и технички услови истото да се случи. Во врска со објавениот конкурс, доставени се апликации кои се евалуирани и формирани се листи за прием на студенти кои се јавно објавени, со што е започната постапката за сместување на студенти во домот. Укажуваме дека сместување на студенти во услови кога за објектот нема изработен записник за технички прием носи ризик до несакани последици од повеќе аспекти поврзани со безбедноста.

Наведените состојби укажуваат на неконзистентност во плановите за дополнување на капацитетите за сместување на студентите кои се значајна алка во процесот на одржување и развој на студентски стандард во Република Северна Македонија.

### 3.3.8. Санација, реконструкција и опремување на ДСД

Ревизијата изврши анализа на активностите поврзани со санација, реконструкција и опремување на ДСД реализирани од страна на МОН и ДСД. Во врска со ова утврдени се следните состојби:

- во периодот 2014 - 2019 година од страна на МОН извршена е целосна реконструкција/санација на студентскиот дом „Гоце Делчев“ кој е во состав на ДСД Скопје при што до ревизијата не е доставена информација од страна на МОН и ДСД Скопје за вкупната вредност на истата. Во 2016 година извршена е набавка на инвентар и опрема за потребите на сите ДСД од страна на МОН, (кревети, душеци, ормани, работни маси, столици и др). во износ од 99.893 илјади денари и набавка на лифтови за поголемиот дел од ДСД во износ од 15.750 илјади денари. По завршувањето на реконструкцијата на блоковите В и Г на студентскиот дом “Гоце Делчев” за опремување на сместувачките капацитети склучен е договор во износ од 17.863 илјади денари. Овие активности во значителна мера ги подобриле условите за сместување во овој ДСД и се главна причина за зголемениот интерес на студентите за сместување во овој дом, при што интересот значително го надминува расположливиот капацитет на овој ДСД;
- во 2019 година, МОН склучил договор за изработка на техничка документација за санација, замена на дотраени материјали на зграда 1 и зграда 2 во СД Стив Наумов во вредност од 3.639 илјади денари кој износ е целосно исплатен на добавувачот во 2020 годинаОвие сместувачки капацитети се ставени надвор од функција уште од 2019 година и до моментот на вршење на ревизијата не е отпочната реконструкција ниту пак се врши сместување на студенти;
- во периодот 2020 - 2022 година, од МОН на име опрема во сите студентски домови инвестирани се 5.678 илјади денари за набавка на опрема за кујни. На почетокот на 2022 година како инвестиција спроведена од ДСД Скопје склучен е договор за набавка на машини за рециклирање на пластика, безконтактни картички и опрема во износ од 8.162 илјади денари во услови на констатирани проблеми поврзани со финансиското работење на студентскиот дом и постоење на други отворени прашања за подобрување на условите за сместување на

студентите во ДСД се покажале како непотребни. До моментот на извршување на ревизијата оваа опрема сеуште не е ставена во употреба, што претставува нерационално трошење на буџетски средства.

Износот на средства за опремување, доопремување и заменување на дотраената опрема во ДСД варира од година во година и истата вообичаено се случува при поголема санација/реконструкција или изградба на нов студентски дом. Најголемиот дел од инвестициите во опрема во периодот 2016 – 2023 година се реализирани во студентскиот дом Гоце Делчев Скопје и новоотворениот студентски дом во Тетово. Од приложениот графикон согласно доставените податоци од евиденцијата на спроведени постапки за јавни набавки на ЕСЈН се прикажани инвестиции за годините за кои се склучени предметните договори.

Во прилог се прикажани висината на инвестирани средства во периодот 2016-2023 година за опрема во ДСД.

Графикон 16: Инвестирани средства во опрема во ДСД за период 2016-2023

во 000 ден




Наведените активности придонесуваат за подобрување на состојбата на студентските домови како и подобрување на квалитетот на услугите за сместување во студентските домови во Република Северна Македонија меѓутоа сеуште постои простор за значителни подобрувања во овој дел од работењето на ДСД.
Нагласуваме дека по склучувањето на договор за заем помеѓу МОН и КВФ банката за реализација на проектот Енергетска ефикасна рехабилитација на студентските домови во Република Северна Македонрија кон крајот на 2019 година, од страна на МОН активностите поврзани со реконструкција и опремување на домовите се значително намалени од причини што очекувањата се дека истите ќе се реализираат како дел од овој проект. Од друга страна поради недостаток на средства инвестициите во оваа насока преку ДСД се сведени на ниво на тековно одржување на постојните капацитети и опрема за што исто така недостигаат средства.

Во услови на неизвесност за точниот временски период кога ќе отпочне реализацијата на горенаведениот проект, намалувањето на активностите поврзани со одржувањето на ДСД носи ризик од понатамошно влошување на условите за сместување во домовите.

### 3.3.9. Проект за енергетски ефикасна рехабилитација на Студентските домови

Проектот за енергетски ефикасна рехабилитација на студентските домови во Република Северна Македонија се реализира со средства од Германската развојна банка (КФВ) обезбедени преку Договор за заем во висина од 20 милиони EUR и Договор за грант во висина од 4.785.067,87 EUR. Во врска со склучениот договор за заем Собранието на Република Северна Македонија на 18.12.2019 година го донесе Закон за задолжување на Република Северна Македонија со заем кај КФВ[95]. Со проектот се предвидува да се изврши енергетски ефикасна рехабилитација на студентските домови - зголемување на комфорот и подобрување на условите за живот на студентите, опремување на соби за студенти со посебни потреби, промена на водоводна инсталација во домовите и отстранување на причините за појава на влага во објектите, изработка на енергетски ефикасни фасади на објектите, поставување на фотоволтаици за производство на електрична енергија и сл.

Проектот предвидува целосна реконструкција на сите ДСД со исклучок на ДСД Гоце Делчев, Скопје кој е реконструиран во периодот од 2014 до 2019 година и каде единствено ќе се изврши реконструкција на мензата. Согласно утврдената динамика, реализацијата на работите е предвидена во 3 фази. Во првата фаза предвидена е реконструкција на студентските домови „Стив Наумов“ и „Кузман Јосифовски Питу“ во Скопје, во втората фаза е предвидена реконструкција на студентските домови „Томе Стефановски-Сениќ“, „Никола Карев“, „Браќа Миладиновци” – Штип, „Орде Чопела“ - Прилеп, а во третата фаза реконструкција на мензата на студентскиот дом „Гоце Делчев“ и на студентските домови „Кочо Рацин” - Битола и „Пелагонија“.

За потребите на МОН за реализација на проектот формирана е Проектна единица за имплементација составена од 4 експерти (градежен, машински и електро инженер и лице задолжено за финансии) ангажирани како консултанти. Проектната единица е формирана во јули 2021 година. Согласно правилата на Германската развојна банка распишан е меѓународен јавен повик за избор на консултант (задолжен за изработка на проектната документација и надзор над изведбата на работите), по што склучен е договор со избрана група на понудувачи[96].

Во периодот од отпочнувањето на активностите на Проектната единица и консултантот, од страна на консултантот дефинирани се предвидените активности за реализација и детално се опишани сите мерки и активности кои треба да бидат содржани во проектната документација. Од страна на консултантот отпочнато е со изработка на основните проекти за градежни работи, при што изработена е проектна документација за вкупно 5 студентски домови со завршена ревизија на техничката документација, а за вкупно 8 домови се изработени концепти за реконструкција и внатрешно уредување на просторот кои се прифатени од КФВ .

Во изминатиот период завршена е постапката за претквалификација за избор на изведувачи на градежните работи за 1 фаза, при што фирмите кои ги исполнуваат условите се поканети да достават финансиска и техничка понуда за фаза 1. Во тек е евалуацијата на техничката документација по што се очекува отворање на

[95] Сл. Весник на РСМ 261/19
[96] Договор бр. 08-12284/1 од 25.08.2021 година со група на понудувачи „iC consulenten-CES Clean Energy Solutions-decon international“

финансиските понуди. Доколку овој процес се реализира без значајни проблеми отпочнувањето на градежните работи за фаза 1 се очекува за почетокот на 2024 година.

Отпочнувањето на работите во врска со тендерирањето на фаза 2 очекувано е да се реализира кон крајот на 2023 година. Рокот за изведба на двете фази е предвидено да биде по 18 месеци. Досега според достапните информации од заемот и грантот се повлечени средства во вкупен износ од 1,25 милиони евра.

Со оглед на поминатиот долг период од одобрувањето на заемот до формирањето и отпочнување со работа на Проектната единица како и незапочнатите градежни активности и инфлаторните движења кои ја зафатија светската економија, се јавува неизвесност поврзана со целосната реализација на сите фази од проектот. Според Проектната единица проценката на висината на износот на заемот и одобрениот грант кои се правени во периодот пред 2019 година се доволни за реализација на сите фази од проектот. Меѓутоа зголемувањето на цените на сите производи како и работната сила ги прават овие проценки застарени и затоа постои ризик обезбедените финансиски средства да не бидат доволни за реализација на сите планирани активности од проектот.

Како резултат на ова постои неизвесност во поглед на целосната реализација на Проектот за енергетски ефикасна рехабилитација на студентските домови во сите негови фази и се појавува ризик од дополнително обезбедување на дополнителен износ или од вршење на редукција/скратување на планираните активности поради недостиг на финансиски средства.

## 4. ЗАКЛУЧОК

Опфатот и доказите кои ги обезбедивме по пат на спроведување на ревизорски техники и методологија дава основа да го изразиме следниот заклучок:

Стекнавме разумно уверување дека мерките и активностите за развој на студентскиот стандард кои се преземаат од страна на надлежните државни органи не се доволно ефикасни и економични за остварување на одржливо ниво на финансиска самостојност на студентските домови, соодветно сместување и исхрана како и реализирање на проектите за реконструкција и проширувањето на капацитетите на ДСД. Во делот на стипендирањето на студентите воспоставени се неколку мерки кои се соодветни но истите не се усогласени со интересот за студирање по студиски програми, а поради аплицирање кај повеќе од една група на стипендии, обемната документација и недоследностите при утврдување на исполнетоста на условите дел од стипендиите не се доделени, но е воспоставен начин на стипендирање за студирање во странство со кој не се обезбедува ефикасна искористеност на исплатените средства и придобивки за државата.

Утврдивме дека законските и подзаконските акти од областа се добра основа за развој на студентскиот стандард, иако дел од подзаконските акти не се применуваат и постои неусогласеност кај дел од релевантната законска регулатива.

Верификација која треба да ја направи МОН пред започнувањето со работа на студентските домови согласно ЗСС до денот на извршување на ревизијата не е извршена за сите ДСД и нема воспоставен Регистер на студентски домови, што неповолно влијае врз спроведувањето на постапките за сместување на студентите и на реалноста на прикажаниот капацитет на студентските домови. Утврдивме дека не е изработен посебен стратешки документ за студентскиот стандард со мерки и активности за развојот и подобрувањето на условите за живот и студирање во земјата. Со ревизијата се покажа дека инспекцискиот надзор врз почитувањето на одредбите од ЗСС не се врши иако ДПИ има обврска да го врши најмалку еднаш годишно. Исто така, воспоставениот начин на субвенционирање на студентскиот оброк од страна на МОН преку исплата на трансакциските сметки на студентите не овозможува да се потврди дека исплатените средства за 2022 година во износ од 701.482 илјади денари или 50,2% во вкупните средства за студентскиот стандард се користат исклучиво за намената која е определена со Законот за субвенциониран студентски оброк.

За мерките за студентско стипендирање проценивме дека се соодветни, но истите не се усогласени со интересот за студирање по студиски програми, а за дел од студиски програми е предвиден износ на стипендија кој е три пати повисок од редовниот износ, утврден во висина од 6.050 денари за кој постои простор за подобрување преку реструктуирање на останатите расходи од Програмата. Од друга страна некои студиски програми со голем број на запишани студенти, неоправдано се застапени кај повеќе од една група на стипендии што ја намалува можноста за стипендирање на студентите запишани на студиски програми за кои е евидентен нискиот интерес за студирање. Со мерките за стипендирање на студенти по конкурсот за 2022/23 година се опфатени 3.109 стипендии од кои се одобрени 2.509 за што е исплатен износ од 235.849 илјади денари и одбиени се 2.942 апликации, што укажува на голем интерес на студентите но и слабости во постапката за доделување на стипендиите. За стипендирање на студентите запишани на некој од првите 100 Универзитети во светот за кои се исплатени средства во износ од 424.210 илјади денари кои имаат учество од 44,4% во вкупните средства за стипендии се уверивме дека не е воспоставен систем за ангажирање на овие лица во земјата по завршувањето на студиите и дека средствата не се ефикасно искористени.

Во врска со состојбите поврзани со сместувањето и исхраната на студентите и функционирањето на ДСД, утврдивме дека со Програмата е дизајниран повисок број на расположливи места во студентските домови во однос на утврдената бројка во Конкурсот за сместување на студентите. Постои значително намалување на сместувачките капацитетите кај сите ДСД во период 2019 - 2022 година односно од 5.815 легла на 4.490 во 2022 година, што претставува 77,28% пополнетост, но и отстапувања во бројот на сместени студенти во однос предвидени со конкурсот и се уверивме дека исплата на средства на ДСД не се врши врз основа на ажурирани списоци за сместените студенти кои се одобрени од страна на одговорните лице во МОН. Објектите кои ги користат ДСД во најголем дел се стари и не ги задоволуваат потребите на современото живеење, а намалување на сместувачките капацитетите и невоедначените услови кои ги нудат студентските домови се пресудни за степенот

на искористеност и интересот на студентите за сместување во одредени ДСД, но и незадоволство на студентите во поглед на исхраната во студентските домови ја наметнува потребата од преземање итни активности во насока на подобрување на условите во студентските домови и обезбедување на повисок стандард на живеење и студирање на студентите во државата. Дополнително на ова, определената цена за сместување како основен извор на приходи на ДСД не е променета од 2008 година и изнесува 6.820 денари месечно за 10 месеци во годината од која МОН партиципира 50% од цената, а разликата ја доплаќа студентот, е ниска и не обезбедува задоволително ниво на финансиска одржливост на домовите кои се соочуваат со ризикот од навремено сервисирање на обврските, што го потврдува и проценката на економската цена за сместување и исхрана по студент во ДСД и се укажува на потреба од значајни подобрувања преку реално определување на износот за партиципацијата за сместување и исхрана на студентите во студентските домови.
Нагласуваме дека Проектот за енергетска ефикасност со кој се планира темелна реконструкција на сите ДСД во земјата е започнат од страна на МОН, меѓутоа постои неизвесност во врска со доволноста на обезбедените средства за целосно реализирање на овој проект согласно планираното. Во врска со проширувањето на капацитетите на ДСД завршена е изградбата на ДСД Тетово, но сеуште не е изготвен записник за технички прием поради што нагласуваме дека приемот на студенти треба да се изврши по целосно завршување на постапката за пуштање на овој објект во употреба на начин кој е пропишан во законските прописи од оваа област.

# 5. ПРЕПОРАКИ

## Министерство за образование и наука

Раководното лице и надлежните служби да преземат мерки и активности за:

1. Усогласување на ЗСС со Законот за установите и да се обезбеди доследна примена на истите. (точка 3.1.1)
2. Склучување на договори со заинтересирани даватели на студентски оброк, издавање на дигитални картички и изработка на апликација за плаќање преку мобилен телефон. (3.1.1.5.)
3. Создавање на услови за користење на средствата за студентски оброк од страна на корисниците согласно основната намена уредена со измените на ЗСС и својата веб страна да го објави регистерот на даватели на услуги кои произведуваат, подготвуваат или продаваат храна. (точка 3.1.1.5)
4. Изработка на Стратегија за студентски стандард со мерки и активности поврзани со развојот и подобрувањето на условите за живот и студирање во земјата. (точка 3.1.2)
5. Рационализација на документацијата и ревидирање на периодот која се бара од кандидатите како услов за учество на конкурсот за стипендирање. (точка 3.2.1)
6. Дигитализирање и автоматизирање на работата на комисијата во делот на проверка на целокупната документација, бодувањето и рангирањето на кандидатите кои аплицирале на конкурсот за добивање на стипендија во некоја од групите. (точка 3.2.1)

7. Изработка на методологија за утврдување на бројот на обезбедени стипендии за секоја академска година со можност од зголемување на определениот износ за оваа намена. (точка 3.2.2)
8. При доделување на студентски стипендии за група 1 во целост да се има во предвид социјалната компонента и со измена на подзаконската регулатива да се овозможи пристап до истата само за студентите од загорозените соцојални категории кои покажуваат успех во студирањето. (точка 3.2.3.1)
9. Да се изврши усогласување на просечниот успех потребен за обезбедување на стипендија во група 2 стипендии за студенти кои постигнале особен успех во учењето, во насока на поголемо изедначување на соодносот на одобрените стипендии меѓу различните студиски програми и почитувајќи ги специфичните услови за студирање на истите. (точка 3.2.3.2)
10. Да се изврши анализа за потребите на пазарот на труд за наредниот период во компарација на бројот на запишани студенти по студиски програми и врз основа на овие анализи да изврши корекција на студиските програми кои се стипендираат како дел од група 3 стипендии за студенти кои се запишани на студиски програми од научните подрачја на природно-математичките, техничко-технолошките, биотехничките и/или медицинските науки, а во насока на зголемување на стипендирањето на студиските програми каде што е забележан недоволен интерес на младите за студирање и намалување на студиските програми каде што има доволен број на запишани студенти. (точка 3.2.3.3)
11. Да се започне со интензивно запознавање на младите со можностите за обезбедување на стипендија за студиските програми каде е забележана недоволна заинтересираност за студирање. (точка 3.2.3.3)
12. Да се изврши унифицирање на групата 4 стипендии за студенти кои се запишани на студиски програми на високообразовни установи за образование на наставен кадар во предучилишното воспитание, основното и средното образование и групата 9[97] за стипендирање воспоставена со Програмата за остварување и развој на дејноста во студентскиот стандард во една група и да воспостават реално остварливи услови за аплицирање. (точка 3.2.3.4)
13. Да се подобри информираноста во врска со можноста за обезбедување на стипендирање на студирањето на младите Роми и воспостави минимална граница на просечен успех. (точка 3.2.3.5)
14. Во контакт со надлежните државни институции да се обезбедат контролни механизми за утврдување дали дипломираните студенти – стипендист кои студираат на еден од првите 100 Универзитети во странство се вратиле и се работно ангажирани во земјата и преземање мерки за неисполнување на обврските по склучените договори со МОН, како и активности за поврат на средства во буџетот (точка 3.2.4)

[97] Стипендии за редовни студенти од прва година запишани на високообразовни установи за образование на наставен кадар во предучилишното воспитание, основното и средното образование, кои биле корисници на стипендија за талентирани ученици од Министерството за образование и наука

15. За студентите на кои во наредниот период ќе им биде одобрена стипендија да се пристапи кон обезбедување на исплатените средства и да се продолжи со политиката за намалување на расходите по овој основ. (точка 3.2.4)
16. Да се изврши усогласување на критериумите за сместување на студентите во ДСД за секоја од групите и целосно почитување на основната намена на посебните групи. (точка 3.3.1.1)
17. При реализацијата на конкурсите за сместување на студентите да воспостави контролни механизми за почитување на утврдените проценти и број на студенти со повластена цена за сместување. (точка 3.3.1.1)
18. Континуирано ажурирање на списоците на студенти сместени во ДСД и исплатата на средствата кон ДСД да се врши врз основа на овие списоци. (точка 3.3.1.2)
19. Одобрување на списоците на примените студентите со добиените бодови по спроведениот Конкурс за сместување на студентите и истите да се достават до ДСД. (точка 3.3.1.2)
20. Да се воспостави софтверско решение за обработка на примените апликации за сместување во студентските домови кое ќе содржи што е можно повисоко ниво на автоматизација на процесот. До усвојување на ваков систем да се овозможи одбиените апликации да бидат дополнително комплетирани од страна на студентите со обработка и евалуација на апликациите за сместување на студентите до пополнување на утврдениот број на лица кои можат да бидат сместени во ДСД. (точка 3.3.1.2)
21. Да се преземат активности за усогласување на бројот на сместувачки капацитети утврдени со Конкурсите за сместување на студентите со сместувачки капацитети на ДСД (точка 3.3.2.1)
22. Да се воспостави и редовно да се ажурира Регистар на студентски домови и да се изврши верификација на сите ДСД со пополнување на сите податоци кои се утврдени во подзаконските акти. (точка 3.3.2.1, точка 3.1.1)
23. МОН во соработка со ДСД да изврши анализа за подобрување на квалитетот на животот на студентите кои се сместени во студентските домови, со можност да бидат опфатени во Проектот за енергетска ефикасност. Да се изготви Акциски план со конкретни мерки, активности и рокови и по истиот да се постапува. (точка 3.3.2.2)
24. МОН во соработка со ДСД да извршат анализа на висината на платите во студентските домови, реално потребниот број на вработени во ДСД со осврт на специфичните работни места за кои има дефицит на пазарот на труд и пополнување на потребните работни места. (точка 3.3.2.4).
25. МОН во соработка со ДСД да преземе мерки за квантитативно и квалитативно подобрување на исхраната на студентите сместени во студентските домови. (точка 3.3.3).
26. МОН во соработка со ДСД да ја разгледа можноста за спроведување на групни набавки за јавни набавки за набавка на храна(точка 3.3.3).
27. Да се изработи методологија врз основа на која пропорционално ќе се врши распределба на дополнителните финансиски средства имајќи ги во предвид потребите и спецификите на секој ДСД. (точка 3.3.4.2).

28. МОН во соработка со ДСД да изнајдат начин за соодветна корекција на цената за сместување, со соодветно подобрување на квалитетот на услугите кои ги добиваат студентите од студентските домовиа и за финансиска самоодржливост на студентските домови. (точка 3.3.5)
29. Утврдување на тековниот статус на проектот за изграба на ДСД Невена Георгиева Дуња и правниот основ на склучениот договор, како и останатите нереализирани активности утврдени со проектот. (точка 3.3.7)
30. Објектот на ДСД Тетово во употреба и комплетирање на сите неопходни предуслови за пуштање на објектот во употреба. (точка 3.3.8)
31. ДСД во соработка со МОН да ги следат активностите за санација и реконструкција на објектите на домовите за оние делови од објектите кои нема да бидат опфатени со Проектот за енергетски ефикасна рехабилитација на студентските домови. (точка 3.3.8)
32. Проектна единица за имплементација на Проектот за енергетски ефикасна рехабилитација на студентските домови да ги забрза активностите за реализација на проектот. (точка 3.3.9)

### Државни студентски домови

33. Во утврденото мени на кујните во ДСД освен обемот и количината на храна која треба да се приготви по студент, да вклучи информација за еквивалентна вредност во мерните единици кои се утврдени во Правилникот за стандардите за исхрана и оброци на студентите сместени во студентските домови. (точка 3.3.3)

### Државен просветен инспекторат

34. ДПИ да преземе мерки да го спречи непостапувањето од страна на студентските домови. (точка 3.1.1)